# МАКЕДОНИЈА:

# БЕЗ ПРОСТОР ЗА САМОЗАДОВОЛСТВО

23 Октомври 2003

Европа Бр. 149
Скопје/Брисел

## СОДРЖИНА


**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ........ **i**

**I. ВОВЕД** ........ **1**

**II РАБОТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА И ГРАНИЦИТЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ДРЖАВАТА** ........ **3**

А. Меѓусебни сомневања и Министерството за внатрешни работи ........ 4

Б. Етничките Албанци И Државната Власт ........ 5

В. Лавовите Повторно Рикаат ........ 6

Г. Раздор во полицијата и ЕУФОР/ Конкордија ........ 6

Д. Елементи на успешна безбедносна мисија ........ 7

**III. ЕКОНОМСКО НЕЗАДОВОЛСТВО** ........ **8**

А. Идентитет И Борба За Работа ........ 10

**IV. КОРУПЦИЈА И ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ** ........ **12**

А. Анти-Корупциската Кампања: Епохален Чекор Или Политички Театар? ........ 12

Б. Потреба За Поголема Судска Независност ........ 13

**V. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА И ОПШТИНСКИ ГРАНИЦИ** ........ **14**

А. Еден Централизиран Приод Кон Децентрализацијата ........ 14

Б. Законот За Општински Граници ........ 17

**VI. МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ** ........ **19**

А. По Конфликтот ........ 19

Б. Лажниот Успех На Враќањето На Бегалците ........ 19

В. Расправии Во Училиштата ........ 20

Г. Тензии помеЃу ЕтниЧките Албанци и Турци ........ 21

Д. Соочување со оставината од 2001 ........ 22

Ѓ. Улогата На Двајцата Лидери ........ 23

1. Избалансираниот пристап на Црвенковски ........ 25

2. Мекиот стил на Ахмети ........ 26

Е. Заканите од Џафери и Тачи ........ 27

Ж. Никола Груевски и “Новото” ВМРО-ДПМНЕ ........ 28

**VII. ЗАКЛУЧОК** ........ **29**

**ДОДАТОК**

А. Хронологија На Неодамнешните Големи Безбедносни Инциденти ........ 30

Б. Мапа На Македонија ........ 34

international crisis group

**МКГ Европа Извештај Бр. 149** **23 Октомври 2003**

# МАКЕДОНИЈА: БЕЗ ПРОСТОР ЗА САМОЗАДОВОЛСТВО

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Скорешните настани бараат креаторите на политиката значително да ја ревидираат општо прифатената оценка дека Македонија е најважната политичка “успешна приказна” на Балканот. Всушност, Македонија е неразвиена постконфликтна држава што во голема мерка сѐуште е под голем ризик, неспособна, оперативно или политички, целосно да ги реши безбедносните предизвици, без нарушување на се уште несигурната етничка рамнотежа. Само анализа на основниот динамичен немир во Македонија, од криминалот и слабата полиција, до подеднакво слабата економија и корупцијата, ќе и овозможат на државата што едвај ја избегна војната во 2001 година да обезбеди долготрајна стабилност. Поточно, Македонија се уште не може да опстане безбедносно, без присуство на меѓународни безбедносни сили.

Точно е дека умерената македонска влада, предводена од Премиерот Бранко Црвенковски и поранешниот лидер на бунтовниците, Али Ахмети, имаше успеси. И двајцата остануваат посветени на Охридскиот мировен договор и единството на државата. Откако тие победија на изборите во 2002 година, политичката реторика беше смирена. Црвенковски и Ахмети реагираа одговорно, а понекогаш дури и храбро кога станувашe збор за чувствителни прашања, вклучувајќи ја и легализацијата на тетовскиот универзитет (кој долго време беше симбол за етнички тензии) и употребата на албанскиот јазик во Парламентот и на државниот пасош. Сепак, напредокот со симболичките работи не беше следен со напредок во суштинските работи. Реформата во безбедносниот сектор заостанува, исто како и децентрализацијата и напорите да се зголеми бројот на Албанците во јавниот сектор и два клучни елементи на Охридскиот договор. Значителните мерки за сузбивање на корупцијата пропаднаа.

Уште посериозно е што и криминалците и екстремистите сѐ уште претставуваат директна закана. Мултиетничка полиција зголемено го рефлектира одразот на локалната популација, но таа се уште се бори да воспостави ред и мир. Убиствата се зголемени за една третина во однос на претходните три години, а серија од експлозии на бомби, киднапирања и истрели придодадоа кон чувството на беззаконие. Слабата комуникација за безбедносните прашања честопати ги поттикнуваше етничките тензии внатре во Владата и меѓу етничките заедници; ова, а не некакво си организирано “пан-албанско” насилство, е најголемата тековна опасност за стабилноста.

Овие работи избија на површина на почетокот на септември 2003 година кога полицијата започна една остра акција за фаќање на еден злогласен криминалец, Албанец. Операцијата го разбесни Ахмети, оставајќи го отворен за политички напади, соочувајќи ја Владата со најсериозна внатрешна конфронтација досега. Престапникот остана на слобода и, и покрај напорите да се ублажи чувствителноста, кај многумина Албанци повторно се јавува обновен сомнеж дури и кон етнички мешаната полиција.

Според неодамнешното истражување на УНДП, цели две третини од Македонците и Албанците *очекуваат* нов конфликт, сред растечката загриженост за стагнирачката економија. Хуманитарните работници ја опишуваат поларизацијата на етничките заедници во поранешните кризни региони, додека малцинствата продолжуваат да се соочуваат со различни форми на притисок. Горките расправии за училиштата го оневозможуваат посредувањето. Невработеноста е се уште голема и создава потенцијални прилики за несовесните синдикални лидери да поттикнат немири. Во меѓувреме, можноста од нова нестабилност ги држи странските инвеститори подалеку, а економијата загушена.

Етничките Албанци се спротивставија дури и на обичните и добро навестени полициски акции, а исто

така го намалуваат чувството на заедничка одговорност, кое е потребно на Охридскиот договор. Тензии се јавија и помеѓу Албанците и Турците, кои се плашат дека Охрид води кон “бинационална” држава, во која Албанците и Македонците ќе доминираат. Поранешниот Премиер Љубчо Георгиевски и лидерот на ДПА, Арбен Џафери, премногу сакаат да играат на картата на вознемиреност и анимозитети, отворено работејќи на поткопување на Охридскиот договор, одејќи дури и до поттикнување на поделба на Македонија.

Македонските лидери и странските медијатори честопати се соочиле со предизвиците со чувство на самозадоволство. Наместо да се конфронтираат со радикализмот на Георгиевски и Џафери, на моменти дипломатите служеа како нивни апологетичари. Роковите во Охридскиот договор премолчено се пречекоруваат, а важните напори за исцртување на општинските граници, предавањето на надлежностите на општините, како и претстојното објавување на пописните резултати општо се коментираат со спуштање на рамениците. Премногу често Премиерот Црвенковски имплементацијата на Охридскиот договор ја претвори во игра на повторни договарања. Умерениот Ахмети ја толерираше неумешноста на неговите партиски министрs и виде како значително се лизга неговиот авторитет меѓу Албанците. Некои од неговите поддржувачи се сомневаат дека премиерот намерно сака да ја прикаже неговата партија во лошо светло.

Без поконцентрирани напори за вистинска имплементација на Охридскиот договор, за воспоставување на ред и мир, без борба против корупцијата и стимулирање на економијата, постојниот релативен мир може наскоро да се наруши. На Македонија се уште и е потребна помош за безбедноста. Успешната воена мисија на ЕУ “Конкордија” треба да остане и после крајот на нејзиниот мандат на 15 декември 2003 година, се додека полициската мисија на ЕУ "Проксима" не се воспостави во целост и не ги надомести клучните недостатоци во разузнавање и координација во безбедносниот сектор, а македонската полиција и Влада се оспособат да преземаат ефективни операции и да се справат со политичките притисоци од нивното преземање. Исто така, потребно е да се затвори на наследството од конфликтот во 2001 година. Нема оправдување за понатамошното одложување на испитувањето на неколкуте потенцијални случаи на воени злосторства, обновата на една дузина на уништени цркви и џамии и да се разреши случајот со дваесетте исчезнати луѓе. Донаторите мора да инсистираат медиумските институции што исчезнуваат, а кои тие ги финансираат, да почнат да функционираат, особено во областа на следењето и контролирањето на говорот на омразата.

Сепак, ниту еден од овие чекори нема да се преземе без поголема трезвеност и со помалку самозадоволувачка оценка за постигнувањата на Македонија до денес.

## ПРЕПОРАКИ

### Општи

1. Премиерот Црвенковски и Претседателот Трајковски треба да ја искористат секоја прилика за потполно прифаќање на Охридскиот договор во име на сите граѓани, не само како група на концесии за етничките Албанци. Премиерот Црвенковски треба да ја прекине неговата практика на претворање на клучните обврски од Охридскиот договор на повторни договарања со лидерот на ДУИ, Али Ахмети.

2. Претседателот на ДУИ, Ахмети, треба да ги интензивира напорите за да изгради целосен респект меѓу Албанците кон државната власт, вклучувајќи го и плаќањето на даноците, комуналиите и другите обврски.

3. И Црвенковски и Ахмети треба да нагласат дека децентрализацијата на власта е централен дел на имплементацијата на Охридскиот договор, да се ослободат од неефикасните политичари, особено од оние кои се поставени на позиции во областа на децентрализацијата и економската реформа, а во исто време да работат на подобрување на комуникацијата помеѓу министрите од една, и нивните заменици од друга етничка припадност.

### Безбедност

4. Претседателот Трајковски и Премиерот Црвенковски треба да го сменат своето инсистирање дека воената мисија на ЕУ “Конкордија” треба да замине по завршувањето на нејзиниот мандат во декември 2003 година, и дека мисијата треба да остане барем додека полициската мисија на ЕУ “Проксима” не се воспостави во целост, а македонската полиција и Влада се оспособат да преземаат ефективни операции и да се справат со политичките притисоци од нивното преземање.

5. Македонската Влада треба да му одолее на искушението да ја претстави безбедносната ситуација во пресветла слика, плашејќи се дека тоа ќе го исфрли од колосек обидот на Македонија за

членство во НАТО, да развие јасни и разбирливи средства за известување и консултација за сите поголеми безбедносни операции заедно со ДУИ, да продолжат со имплементацијата на меѓународно препорачаните безбедносни реформи, а посебно да обрати внимание на прашањето за полициската изведба.

6. НАТО треба да ја продолжи поддршката на "Конкордија" и на предложената полициска мисија на ЕУ "Проксима" и јасно да го разграничи присуството на "Конкордија" или некоја друга меѓународна безбедносна мисија од прашањето за членство на Македонија во НАТО. Вашингтон треба формално да признае дека по учеството во мисиите во Авганистан и Ирак ја смета Македонија за "придонесувач на безбедноста" со цел за членство во НАТО. Понатаму, НАТО и ЕУ треба да престанат со нивниот натпревар за првенство во безбедносната помош на Македонија.

7. Како важно средство за обезбедување на стабилноста (внатрешна и надворешна), Владата и НАТО треба да ги удвојат нивните напори за да осигураат дека Македонија е квалификувана за членка на НАТО, не подоцна од следниот круг на поголемо проширување, ако не и порано.

8. ЕУФОР и "Конкордија" треба да изнајде поголеми начини за поделба и трансфер на одговорноста на македонската армија, на пример преку заеднички патроли и вежби со македонската армија да помогнат во изградбата на доверба меѓу Албанците во безбедносните сили на државата.

9. Планирањето на полициската мисија на ЕУ "Проксима" и евентуалното заминување на "Конкордија" треба да се занимава со вистинската и очигледна слабост на полицијата, вклучувајќи ја и слабата размена на разузнавачки податоци, слабата полициска изведба на мултиетничките тимови, и понатамошно потпирање на остри тактики, а особено:

   а) Полициската мисија на ЕУ треба да се подготви активно да помага во акции на теренот, а не само да набљудува

   б) ММЕУ треба целосно да бидат инкорпорирани во безбедносните структури на ЕУ и забрзано да ја преземат критичната функција на врски создадена од НАТО, што сега ја врши ЕУФОР.

   в) Полициската изведба треба да биде врвен приоритет за ОБСЕ, и да осигура дека тренингот нема само да ги задоволува квотите, туку ќе произведува квалификувани полициски офицери.

   г) Другите донатори треба да изнајдат начин за подобрување на вкупното собирање и размена на разузнавачки податоци.

### Економија

10. Премиерот Црвенковски треба да го имплементира предлогот предложен од бизнис заедницата и американската амбасада за воспоставување на акциона група на министерско ниво која ќе им помага на клучните странски инвеститори да ги надминат административните пречки.

11. Националната Банка, со помош на Светската Банка и ММФ треба да спроведе комплетен преглед на практиките на банкарски позајмувања, да осигури дека нема дискриминација во кредитирањето ниту кон етничките Албанци, ниту кон луѓето што живеат во Западна Македонија, и да асистира во подготвување на план за обезбедување на инвестиции во Западна Македонија, за доброто на сите етницитети кои живеат таму.

12. ЕУ треба да го олесни строгиот визен режим, со цел да се спречи невработеноста на Балканот да биде извор на регионална нестабилност.

### Децентрализација

13. Владата и ММФ треба да ја забрзаат децентрализацијата преку имплементирање на како на пример преку удвојување на нивната соработка со Асоцијацијата на општините (ЗЕЛС) и да ги забрзаат пилот проектите за собирање на данокот од имот од општините и да им дозволат на општините да издаваат градежни дозволи.

### Корупција

14. Светската Банка, ОБСЕ и нивниот експертски тим од одделот за Владеење на правото и Европската комисија, треба да го преземат водечкото место во борбата против корупцијата и реформата на правосудството, со зајакнување и поголема материјална и политичка поддршка на Антикорупциската комисија, особено преку влијание врз Владата да ја прифати нејзината програма, со проритет на нејзините препораки за градење на независно судство, вклучувајќи го и формирањето на нова институција која ќе го замени исполитизираниот Републички судски совет.

15. Судовите, јавниот правобранител и обвинител треба енергично да притиснат на препораките на Комисијата за поништување на приватизацијата на Фершпед, Владата треба да формира експертска комисија за скандалот со пирамидалната штедилница ТАТ, а Министерот за економија треба да даде поцелосно објаснување за големата набавка на нафта преку Макпетрол, непосредно пред војната во Ирак.

16. Светската Банка и ММФ треба да ја разгледаат можноста активностите за перење на пари да се префрлат во Македонија, пред влегувањето на Кипар во ЕУ и строгото казнување на таквите активности во таа држава.

## Политички развој

17. САД треба формално да ги предупредат претседателот на ДПА, Арбен Џафери, заменик претседателот на ДПА, Мендух Тачи и лидерот на ПДП Беџети и останатите што и натаму јавно поддржуваат етничка поделба, се спротивставуваат на Охридскиот договор и приватно се здружуваат со криминалци и екстремисти дека тоа ќе резултира со нивно брзо приклучување кон листата за набљудување. Европските политички групи треба да ги исклучат политичарите и партиите поврзани со екстремистичката реторика од нивните собранија во Парламентарната Асемблеја на Советот на Европа.

## Образование

18. Приоритет мора да се даде на образованието на поголем број млади Албанци што не завршиле средно училиште, вклучително и преку стручно образование, како и преку привлекување Албанки во високото образование, особено на тетовскиот универзитет.

19. Претседателот на ДУИ, Ахмети, треба да ја поддржи реформата на тетовскиот универзитет преку контролирање на отпаднатиот поранешен ректор, Фадиљ Сулејмани и неговиот сојузник, Изаир Самиу ("командант Баци" во бившата ОНА) кои повторно ги опструираат важните мерки и го комплицираат процесот на легализација на оваа долго време проблематична институција.

## Застапеност на етничките Албанци

20. Владата и меѓународната заедница треба да го фаворизираат присуството на Албанците во трите клучни безбедносни сектори: војската, специјалната и тајната полиција. Строгите барања за регрутирање во специјалните единици треба да се овозможи со интензивирани напори за регрутирање и обука на етнички Албанци кои би можеле, со извесна помош, да бидат квалификвани кандидати.

## Подобрување на меѓуетничките односи и наследството од конфликтот во 2001 година

21. ЕУ и САД треба целосно да ја поддржат заедничката владино-парламентарна комисија која ќе ја утврди вистината за преостанатите дваесет исчезнати лица. МВР треба да утврди датум до кој Албанците ќе обезбедат информации за исчезнатите тринаесет Македонци, после кој би ги објавило сите информации што ги има за шесте исчезнати Албанци.

22. Владата треба да подготви финална и непроменлива листа на осомничени случаи на воени злосторства и да побара од Хашкиот Трибунал да ги истражи тие случаи и да одлучи дали постојат основи за поведување на процес.

23. Останатите донатори треба заедно со Европската Агенција за реконструкција да го продолжат нејзиниот проект за обновување на сите религиозни објекти уништени за време на конфликтот, со совети и помош од УНЕСКО.

**Скопје/Брисел, 23 Октомври 2003**

**МКГ Европа Извештај Бр. 149** **23 Октомври 2003**

# МАКЕДОНИЈА: БЕЗ ПРОСТОР ЗА САМОЗАДОВОЛСТВО

## I. ВОВЕД

Што се однесува до Македонија, Владата и меѓународната заедница постојано го нагласуваат позитивното. Дипломатите ја минимизираа заканата од внатрешен конфликт и ги отфрлија етничките албански естремистички групи како некоординирани и изолирани. Меѓународната заедница секогаш е брза во прогласувањето на полициското повторно распоредување, под водство на ОБСЕ како неквалификуван успех.[1]

Македонија направи важни напори во пополнувањето на безбедносниот вакум од конфликтот во 2001. Бројот на Албанците во полицијата се зголеми и теренските монитори и полициски советници на ОБСЕ направија надчовечки напори. Албанските селани кои го блокираа полициското влегување во 2002, сега воглавно ги пречекуваат мултиетничките патроли и учествуваат се повеќе во напорите[2] за спроведување на законот. Граѓанските Советнички Групи ги зближија граѓаните и полицијата да разговараат и да ги решаваат проблемите. И покрај постојаните поплаки за присуството на армијата, бројот на пограничните инциденти е намален.

Во бројни области, етничките Албанци и претставниците на власта дури побараа поголемо полициско присуство и потврдија дека добро вооружени тимови се потребни во справувањето со криминалците. Еден градоначалник изјави дека отсуството на полицијата е македнонски трик да му се дозволи на криминалот да цути во албанските краеви. Повеќето од селаните одлучија да останат на страна од напнатиот спор со полицијата на 12 јуни 2003 во Арачиново. Зголемувањето на бројот на Албанци во полицијата е исто толку важно и надвор од бившите кризни региони, во градови како Гостивар, Дебар, Кичево и околината на Струга и Охрид.

Голема заслуга за подобрувањето на односите во полицијата треба да му се препише на Министерот за внатрешни работи, Хари Костов. Неговиот претходник Љубе Бошковски за малку ќе испровоцираше конфронтации со етничките Албанци во најмалку три случаи[5] и угледот на Министерството значително беше нарушен поради овие акции и оние на специјалната единица Лавови. Костов, поранешен банкар, е голем реформатор. За време на еден спор со селаните во Вејце, тој ги отстрани хеликоптерите и другите традиционални полициски средства за "решавање" на проблеми и седна со локалните Албанци и ги слушаше за време на емотивните преговори, што на крајот ја смири ситуацијата.

---

[1] Во јануари 2003, на пример американскиот амбасадор ги отфрли тврдењата дека безбедносната ситуација е сеуште кревка. "Јас всушност сум многу разочаран од многубројните извештаи во меѓународниот печат за тоа колку е кревка и колку е блиску Македонија до конфликт", изјава на американскиот амбасадот Лоренс Батлер на една прес конференција на 29 јануари 2003.

[2] Спремноста на граѓаните да побараат помош од полицијата кога се жртви на насилство беше една од позитивните точки на листата од девет клучни индикатори како што се сигурноста на работното место, криминалот, корупцијата и невработеноста во извештајот од април 2003. Истражување на УНДП извршено од БРИМА, македонска филијала на Галуп Интернешнал и објавено во БЈР Македонија: Извештај, овде како истражување на УНДП.Види стр. 13. Според министерот за одбрана Владо Бучковски, армијата ја подобри соработката со локалното население и ја подобри безбедноста на границата. Види "Локалното население во Полог соработува [со армијата] повторно" , *Дневник*, 10 јули 2003.

[3] Интервју на МКГ, Боговиње, јануари 2003.

[5] Во Требош во близина на Тетово во ноември 2001; со провокативна прослава на Лавовите во 2002, а тензиите растеа во поранешните кризни региони каде Албанците го блокираа повторното распоредување на полицијата;за време на предизборната кампања и после изборите во септември 2002.

Сепак постои и темна страна. Земете ја во предвид сигурно некомплетираната листа на поголеми инциденти во последните десет месеци.[6]

- Во декемри 2002, моќна бомба беше детонирана пред едно средно училиште во Куманово во кое воглавно учат Македонци, убивајќи еден случаен поминувач. Случајно беше спречен поголем број на жртви.
- Вооружани членови на паравоените Лавови го блокираа главниот премин кон Косово кон крајот на јануари 2003. Костов беше прнуден да испрати ривалска специјална полициска единица, Тигри на лице место, и напнатиот дводневен спор беше смирен по договорот да се задржат 600 Лавови во Министерството за внатрешни работи, и покрај нивната лоша бурна репутација.
- На 24 јануари беа убиени три странски проститутки, една беше сериозно повредена и еден Албанец беше убиен за време на една престрелка во бордел во селото Добри Дол.
- Двајца полски припадници на силите Сојузничка хармонија од НАТО и двајца цивили загинаа на почетокот на март од мина која очигледно била наменета за македонската армиска патрола.
- Во средината на март експлодираше бомба на железничка пруга во близина на српската граница само неколку минути откако поминал возот.
- Во април и мај имаше десет киднапирања.
- Во мај албански селани во околината на Тетово ја блокираа македонската делегација, предводена од Костов кој го придружувал амбасадорот Батлер да присуствува на комеморација по повод на заседата на македонските безбедносни сили во 2002. Како резултат тенкови испукаа во блиските бараки и еден хеликоптер надлета, предизвикувајќи напнатост. Подоцна настанаа немири во Тетово, беа фрлени гранати во касарната и беше нападната полициска патрола бидејќи дојде до судир помеѓу млади Македонци и Албанци.
- Во средината на мај 1000 млади Албанци го блокираа автопатот, откако 180 Албанци беа одбиени од кумановското средно училиште со полицијата и со меѓународни претставници.
- На 5 јуни во цетарот на Куманово експлодираше моќна бомба.
- Во средината на јуни во Арачиново македонската полиција гонеше и уби познат етнички албански криминалец. Се дигнаа тензии откако неговите роднини и соучесници и еден отпадник командант на ОНА кои се заканија на полицијата. На местото на настанот беа претепани неколку телевизиски новинари.
- На 20 јуни од струшкиот затвор избега Дилавер Бојку, познат макро во трговијата со жени.
- Експлодираа две бомби на 22 јуни во близина на зградата на Македонски телеком и трговскиот центар Мавровка.
- За време на еден напад преку ден на 9 јули во близина на центарот на Владата во Скопје, маскирани напаѓачи влегоа во албанска чајџилница пукајќи со огнено оружје и фрлајќи граната, при што беа убиени петмина а повредени четворица. Нивна цел беше командантот на поранешната ОНА, Ридван Незири,со репутација на човек длабоко инволвиран во изнудување на рекет. Смртта доведе до вкупна бројка од 42 убиени, што е за 30 проценти повеќе од 2002 и 40 проценти повеќе од периодот 2000-2002.
- Исто така на 9 јули селани од двете страни ги блокираа патиштата за да спречат отварање на граничен премин кон Косово.

На 16 јули неколку илјади вработени во електростопанство проетестрираа-дел од зголемениот број на воглавно Македонци кои ја губат државната работа поради напорите кои се прават да се зголеми бројот на етнички Албанци во јавниот сектор-и се судрија со полицијата пред Парламентот.

Најлоша безбедносна криза досега беше од 27 август до 7 септември 2003, но одекот продолжува. Еден одметник Авди Јакупи (Командант Чакала), киднапираше две лица, од кои едниот полицаец. Тие беа ослободени како резултат на брзото посредување на албанските политичари, но исто така на 27 август беше поставена мина на железничката пруга Скопје-Белград, а следниот ден три патроли погодија државни и армиски цели во Скопје. За време на првите две полициски операции да се најде Јакупи, одреден број на албаски селани избегаа од областа Ваксинце (во близина на Куманово). Втората операција на 7 септември доведе до пукање во етнички албанското село Брест при што беа убени двајца млади луѓе, најверојатно поврзани со еден друг одметник (Хамди Бајрами, Командант Бреза)7. Ова ја разлути ДУИ8,

[6] Подетален опис на овие и на слични настани може да се види во Додатокот А.

[7] Јакупи и Бреза тврдат дека се поврзани со Албанската национална армија (АНА), која ја превземе одговорноста за неколку (не сите) насилни инциденти во Косово и Јужна Србија во август 2003. Лидерот на Албанскиот фронт за национално обединување, кој вели дека е политичкото крило на АНА, Бајрами и Јакупи ги нарекува криминални, непатриотски елементи, и дека не се дел од организацијата. (Интервју на МКГ, Брисел, септември 2003). Врз база на нашата теренска работа во Македонија и Јужна Србија, МКГ

партијата на Али Ахмети, ДУИ ги обвини македонските власти дека многу ја надминале целта на операцијата што било договорено пред Ахмети и другите да стават кредибилитет на повикот за албанска соработка со полицијата. Меѓународните претставници на МКГ неслужбено и изјавија дека ДУИ била информирана за некои аспекти од операцијата, но некои повисоки македонски претставници неслужбено признаа дека Албанците со високи чинови биле или не информирани или недоволно информирани.9 Претставниците на НАТО и ОБСЕ првично ја поддржаа полицијата но подоцна некои дипломати го преиспитаа својот став и акцијата ја нарекоа уште една "несмасна", "трапава" и неуспешна акција-Јакупи избега, а тензиите беа разгорени. Лутината на ДУИ кај Костов предизвика излив на емоции, кој побара три повисоки по ранг Албанци во Министерството сами да го организираат заробувањето на Јакупи, но подоцна формираше заеднички комитет".

Истовремено две расправии околу школството ја открија постоечката недоверба помеѓу македонската и албанската заедница. Во Скопје и во Битола, втор по големина град, родителите и учениците беа наведени на грозни протести за присуството на Албанци во училиштата и предавање на албански јазик. Расправата околу училиштата и епизодата од Брест ја разнишаа албанската доверба во придржувањето на Македонците кон охридскиот договор. Земено во целост, синџирот на безбедносни инциденти разоткрива еден постојан и опасен тек на тензија и насилство, кои имаат потинцијал брзо да излезат надвор од контрола. Како што изјави ден очвидец на метеж во Тетотво во мај, доколку неколку млади Албанци би биле убиени од страна на Македонец; би било предизвикано големо крвопролевање". Костов изјави дека бил близу до ангажирање на специјални единици за ослободување на полицајците опколени од страна на Албанци на 12 јуни во Арачиново. Навистина многу од инцидентите имаа потенцијал да бидат многу полоши.

Овој извештај ги испитува петте области централни за македонската борба за трајна стабилност: работата на полицијата, економијата, децентрализација, корупција и меѓуетнички односи.

верува дека доколку "Албанската национална армија" постои, таа не е голема и нема јасна централана команда.

[8] Името на партијата е Демократска унија за интеграција.

[9] Интервју на МКГ со претставник на ОБСЕ, 9 септември 2003, и одделна комуникација со високи македонски претставници исто така во септември. ДПА, предводена од Арбен Џафери, ривалска партија на ДУИ, остро ја критикуваше акцијата на полицијата, изврши притисок врз ДУИ и нагласи дека Ахмети и ДУИ се "лакеи" на Црвенковски. Ново "реформираната" опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ, побара итна седница на парламентот

## II РАБОТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА И ГРАНИЦИТЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ДРЖАВАТА

Министерот за внатрешни Костов превзема големи чекори, но како што покажуваат настаните од крајот на август и почетокот на септември 2003, неговите големи предизвици остануваат. Безбедносните настани покажуваат дека постои разидување помеѓу заканата од екстремистите и криминалците и капацитетот на државата да одговори ефикасно. Разликата помеѓу криминални и екстремистички елементи значително е замаглена. Општата неспособност да се разбие криминалот останува една од највидливите слабости на Владата, додека ритамот на "рутинското" насилство на екстремистите им испрати порака дека нивните амбиции можат да опстанат со ограничување.

Началникот на Генералштабот на АРМ, Генерал полковник Методи Стамболиски, беше подиректен од дипломатите по насилството во средината на мај во Тетово: "Покрај подобрената безбедност во поранешните кризни региони, ситацијата е сеуште кревка и сите треба да работиме на нејзино подобрување."[14] Јасно е дека не се само албанските екстремисти, но и македонските, српските, грчките и бугарските екстремисти имаат корист од дестабилизација. Предизвици за македонскиот идентитет од неодамна дојдоа од Грција, Бугарија и Србија.

И покрај двегодишната обука, набљудувањето од страна на ОБСЕ и советите од ЕУ, успехот на мултиетничките и чисто-македонските полициски единици сеуште е слаб. Високи претставници на ОБСЕ потврдија дека успехот на градење на јавно прифаќање на полицијата оди побрзо од спроведувањето.[16] Со завршување на помошта, претставниците искрено признаваат дека мултиетничките патроли се борат да обезбедат ефикасно спроведување на законот во бившите кризни региони. Охридскиот мировен договор обезбеди стимул за регрутирање на голем број на етнички Албаци и зголемување на прифаќање на полицијата во селата во кои се војуваше во 2001, но сегашната задача на овие единици е да станат ефикасни.

[14] "Генерал Стамболиски: ситуацијата во Македонија е сеуште кревка", МИА, 25 јуни 2003.

[16] Интервју на МКГ со Директотот за развој на полицијата при ОБСЕ, Барт Д Хоц, 17 јули 2003. Друг искусен претставник на ОБСЕ ја окарартеризира полициската изведба како "општо земено неефикасна. Интервју на МКГ со висок претставник на ОБСЕ, 20 јули 2003.

ОБСЕ заслужува пофалба за тоа што на Македонија и помогна да ги задоволи квотите за регрутирање на Албанци според охридскиот договор. Откако го презеде местото на Американскиот оддел за правда на почетокот на 2002, ОБСЕ дипломира 1000 кадети во полициската академија во Идризово а официјалните претставници веруваат дека целите од охридскиот договор ќе се исполнат до крајниот рок август 2004.[18] Овие импресивни бројки имаа свој ефект. Во Тетово, местото на најтешки борби во 2001, албанскиот началник на полицијата пријави значително подобрување во текот на годината: повеќе од четвртина од 300 регуларни полицајци се Албанци, повеќе од 8 проценти пред почетокот на конфликтот.

Меѓутоа, новите неодамна обучени регрути, понекогаш го покажуваат своето неискуство. Костов на МКГ и изјави дека не е задоволен со работата на албанската полиција, дека некомпетенцијата, застрашувањето и периодичната соработка со криминални елементи ја намалуваат ефикасноста и дека “подобрување е неопходно”. Истата загриженост постои и кај ОБСЕ. Еден искусен претставник изјави дека во напорот за исполнување на квотите, некои неквалификувани регрути ја завршиле обуката. Еден друг искусен претставник на ОБСЕ ја обвини слабата обука за нееднаквата работа на мултиетничките патроли, иако директорот на единицата за развој на полицијата при ОБСЕ,Барт Д Хоџ, нагласено ги отфрли тие тврдења.

Европските набљудувачи сметаат дека ОБСЕ ја нагласило обуката, промовирајќи ја албанската прифатливост и дијалог а не оперативни совети за зголемување на стапката на апсења. Иако овој пристап на однос на полицијата кон заедницата има одредени корисни страни, сепак полицијата понекогаш мора да употреби сила, што е подеднакво јасно, дури и во поранешните конфликтни области.

Планирањето и тактиката на полициски операции само од Македонци или доминирани од Македонци исто така претставува грижа. Во неколку случаи, слабата комуникација, лошото применување и непочитувањето на рутинските полициски процедури создадоа потенцијални експлозивни конфронтации при што главните осомничени избегаа. Како речисии сите активности на македонската влада, така и полициските операции се многу централизирани. Локалната полиција е спречена да уапси дури и некои осомничени кои слободно шетаат по улиците. Претставниците за меѓународна безбедност исто така забележуваат сериозна слабост на собирање и делење на податоци на службата за разузнавање при Министерството за внатрешни работи. Високи претставници на единицата за развој на полицијата на ОБСЕ исто така признаваат дека употреба на прекумерна сила останува да биде проблем, особено под водството на “железната тупаница” на Бранко Бојчевски, Директорот за јавна безбедност.

На Министерството за внатрешни работи му е потребен целосен стратешки преглед како на оној во Министерството за одбрана, под водство на НАТО, В.Б. и САД, со импресивни првични резултати кои преизвикаа болни реформи, вклучувајќи и отпуштање на високи чиновници и значително намалување со цел да се направи помала попрофесинална сила. ЕУ имаше намера да спроведе целосна проценка на Министерството за внатрешни работи, поточно на неговите потреби и можности како дел од формулирањето на реформска стратегија, но како резултат на внатрешни пречки, нејзините полициски тимови произведоа конкурентски извештаи и како што изјави еден претставник на ЕУ, “немаа никакво влијание врз министреството или меѓународната заедница”. За ова прашање сега се разговара во Брисел, пред очекуваното заминување на воената мисија на ЕУ (Конкордија) при крајот на 2003.

## A. МЕЃУСЕБНИ СОМНЕВАЊА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Иако бројот на регрутирани Албанци во полицијата е значително зголемен, луѓе од министерството тврдат дека недовербата на Албанците во Министерствотот за внатрешни сеуште останува како проблем. Директорот за јавна безбедност Бранко Бојчевски и директорот за државна безбедност Зоран Верушевски, според кажувањата не ги дуплицираат напорите на Костов да им се пристапи на Албанците и долготрајните етнички тензии ја намалуваат ефикасноста на полициските операции.[24]

[18] Според годишниот извештај на Единицата за развој на полицијата при ОБСЕ(стр. 80), ИЦИТАП програмата на американското министерство за правда е одговорно за 106 обучени кадети, додека ОБСЕ досега има обучено 427

[24] На пример, убиствата на младиот Албанец и младиот Македонец во Тетово во Октомври 2002 настанаа тогаш кога немаше албански полицајци во единицата која била на должност во областа. Ако спордиме, онаму какде што полицијата е од мешан состав нивната способност да се справат со лесно избувливи ситуации е значително зголемена. За време на судирите на 16 мај 2003 во Тетово, Млади Албанци бесно пристапиле на едно полициско комбе. Откако увиделе дека внатре има мешана група од седум

Верушевски буди длабоки сомневања кај Албанците по прашања од државната безбедност или апаратот на тајната полиција.[25] Тајната полиција традиционално претставува бастион на анти-албанско чувство. Поранешниот заменик на Костов, Фатмир Дехари, постојано се жали на отпорот на неговата желба да донесе нови Албанци во секторот за јавна безбедност во кој владее голема недоверба. Исто така се наведува дека Верушевски не ја информирал ДУИ за важни полициски операции. Дехари постојано бил игнороран иако тој често на Владата и ја потврдил својата лојалност со смирување на разлутени Албанци. Костов два пати беше приморан да признае за неинформирањето на ДУИ и за невклучувањето на Албанци во операциите. Ваквите грешки предизвикаа значително недоразбирање и им беа од корист на екстремистите дури и тогаш кога полициското однесување беше соодветно. Поради други причини Верушевски беше сменет од Директор на државната безбедност на 20 октомври 2003, а неговиот наследник сега има шанса за нов почеток.

Директорот за јавна безбедност Бранко Бојчевски исто така со колебање работеше со своите албански заменици. Според некои високи претставници на ОБСЕ, Министерството наредило мултиетнички патроли дури по јуни 2003, а сето тоа како резултат на неговото влијание. Високи македонски претставници ја опишуваат неговата стара школа како целосно спротивна на полицискиот модел на ОБСЕ. Понатаму, секторот за јавна безбедност, составен од окулу 95 проценти персонал од министерството, налага стриктно централизирана хиерархија во Скопје, што ја ограничува иницијативата на локалната полиција и времето за реагирање, поради што некои градоначалници и началници на полицијата се надвор од операциите.

Дури и Костов беше колеблив при извршување на истрага за полициска злоупотреба, вклучувајќи ја и можноста од употреба на прекумерна сила што доведе до смрт на млад Албанец во Тетово во ноември 2002, и сомнителното убиство на седум Азијци на 2 март 2002 кои тогашниот Министер за внатрешни Љубе Бошковски брзо ги оквалификува како "исламски терористи."[32]

## Б. Етничките Албанци и државната власт

Албанците ја делат одговорноста за недостатоткот на целосна доверба помеѓу граѓаните и полицијата. Има неколку случаи кога селаните протестираа за операции дури и кога Министерството за внатрешни целосно ја информираше ДУИ. Тврдењата за полициската бруталност при апсењата за поставената мина кај Сопот се целосно непотврдени.

Многу Македонци на овие протести на етничките Албанци гледаат како на манифестација на поширок отпор кон целата државна власт. Еден висок претставник на ДУИ слободно потврди дека Албанците традиционално и се "спротивставуваат на централна власт ". Еден висок финансиски претставник забележа намалено плаќање на данок во албанските области, феномен за кој, по децентрализирање на власта, некои албански градоначалници изразуваат вознемиреност. Албаскиот дневен весник Факти потврди дека повеќе од половина од граѓаните на Тетово (што вклучува и Македонци) не ги плаќаат нивните сметки за струја.

Поголемо прифаќање на државната власт од страна на Албанците е основно за опстанокот на мирот, што се обезбедува со општествен договор кој ги повикува Македонците да споделат повеќе државни привилегии во замена за албанско прифаќање на интегритетот и власта на државата. ДУИ му беше верна на овој општествен договор, и на полицијата и даде зелено светло за приведување на криминалци и екстремисти посотјано ги убедуваше Албанците да соработуваат. Овој пристап на Ахмети може да му донесе голема популарност на изборите и авторитет.

Дека Ахмети треба да се бори за да добие почит за полицијата и државната власт е индикација за која е премногу рано да се каже дека е успех за Македонија. Инситуциите на државата, вклучувајќи , но не и ограничувајќи се само на полицијата, не се однесуваат на начин кој би внел доверба кај Албанците. Се додека ова не се смени, ќе биде тешко да се направат многу потребните промени во начинот на однесувањето на Албанците, вклучувајќи го тука и плаќањето на даноците. Дури со драматиччо подобрување на капацитетот и изведбата на државата, ќе бидат потребни години за да се постигнат минимални стандарди за почитување и партиципирање во државата.

полицајци, се повлекле и инцидент бил избегнат. Интервју на МКГ со Заменикот министер за внатрешни, Фатмир Дефари. 21 мај 2003.

[25] ДБК иницијали на македонски, наследство од бивша Југославија, кога центарот за доминација беше во Белград, УДБА,биро за внатрешна државна безбедност.

[32]На годишнината од убиствата во 2003, директорот на проектот на МКГ и директорот на Институтот отворено општество дадоа заедничка изјава, повикувајќи ја новата Влада да исврши целосна истрага. Костов вети дека ќе го направи тоа и дека ќе ги објави резултатите во април 2003. Стејт департментот, во неговиот годишен извештај за човекови права, го наведе случајот како сериозно кршење на човековите права. Но десега нема никаков напредок.

## В. ЛАВОВИТЕ ПОВТОРНО РИКААТ

За Албанците највидлив симбол на полициско угнетување е специјалната полициска единица Лавови. На Министерот за внатрешни работи, Костов, не му беше лесно да ги скроти Лавовите и покрај неговата јасна намера да го расчисти она што му го остави неговиот претходник. Во јануари 2003, Лавовите почувствувале дака најверојато ќе ги загубат работните места и, со сила го блокираа преминот кон Косово. Костов одговори со тоа што прати нивна ривалска специјална единица, Тигри на местото на настанот. После два дена исполнети со тензија тој и Премиерот се сложија заедно со претсавници на Лавовите на план за реформа кои се состоеше од пет точки кои им гарантира вработување. Извори велат дека Костов остро се противел на договорот, но тој бил одобрен од страна на Владата на 25 јануари .

Смирувањето на Лавовите имаше вискоа цена. Од 630 лавови кои требаа повторно да се вработат (430 во Министерството за внатрешни и 200 во Армијата), голем број беа примени без потребниот процес на проценка. Одреден број на познати криминалци брзо се вратија во униформа, тука вклучувајќи го и лавот кој го претепа новинарот Зоран Божиновски после изборите и лавовите кои испукаа истрели на едно претставување на Министерот за финансии Петар Гошев за време на кампањата. Ова ја разниша довербата на етничките Албанци. Иако Костов му се противеше на договорот, многу Албанци се присеќаат дека се заканил со оставка ако неговите заменици продолжат да му се мешаат.

Овој договор исто така ги уназади напорите за внесување на поголема етничка рамнотежа во Министерството во целост- каде Албанците се само 7.5 проценти, а нема ниту еден во специјалните полициски единици кои останувaат да бидат критични за тешко вооружени криминалци и екстремисти. Поранешни команданти на ОНА (дури и оние лојални на Ахмети) предупредуваат дека сите македонски специјални единици сеуште не се добредојдени во албанските села. Случката со Лавовите ја засили потребата од реформирање и интегрирање на специјалната полиција. Костов презентираше план, кој треба да биде потпомогнат со британска помош, но тој сеуште не е започнат. Лавовите и Тигрите би биле заменети со обединети 450 силни Сили за брза интервенција со три гранки: брза реакција, јавен ред и поддршка.

За жал во планот нема никаква ургентност за регрутирање на Албанци. Британските советници на Министерството му советуваа да ја намали должината на полициската служба потребна за да се стане член на специјана единица и ќе бидат задоволни само да се осигураат дека нема пречки за Албанците. Ова се чини дека ќе ја потцени и симболичната и практичнта итност за да се донесат квалификувани Албанци во единиците кои од страна на Албанците сеуште се презираат и се сметаат за бастион на угнетување.

## Г. РАЗДОР ВО ПОЛИЦИЈАТА И ЕУФОР/ КОНКОРДИЈА

Постојаните потешкотии со кои се соочува македонската полиција, неуспехот на ЕУ да развие долгороччн полициска стратегија и колебањето на ОБСЕ да им пристапи на оперативните полициски прашања посилно, заедно ја нагласуваат важноста на меѓународна помош во безбедноста. Безбедносната мисија на ЕУ, Конкордија, беше ефикасна замена за претходната мисија на НАТО. Екстремистите во голема мера избегнуваа да се плеткаат со нив, а оние Албанци кои се про НАТО расположени ги прифатија, а некои дури и беа ентузијасти.. Меѓутоа, тензиите во врска со Ирак, напорите за соработка со НАТО и од неодамна големиот спор во врска со Меѓународниот криминален суд ги засенија односите помеѓу силите на ЕУ, на САД И НАТО.

Претставниците на ЕУ и НАТО признаваат дека информациите не се делат ефикасно. За некои високи претставници на ЕУФОР деталните двојни организациски табели за известување се несмасни и непотребни. Претставниците на НАТО тврдат дека ЕУ не ги почитува, и се сомневаат во теренската работа на ЕУ. Понатаму, и двете организации активно се натпреваруваат за влијание во сверата на безбедноста. ЕУ му се лути на НАТО и неговата постојана советодавна улога во севкупната реформа на македонската одбрана и процесот на справување со границите, но сепак не е во позиција да понуди некое подобро решение. НАТО повеќе нема добри познавања за она што се случува на теренот. Наместо да се надополнуваат меѓусебно, овие две институции на македонските министри им праќаат спротивставени пораки.

Според ЕУ, справувањето со границата е исклучително цивилна задача, додека НАТО инсистира тие да ја раководат. Ривалството кулминираше кога претставниците на НАТО ја обвинија ЕУ за саботирање на конференцијата што тие ја организираа на тема Безбедноста и менаџментот на границата во Охрид од 22 до 23 мај 2003. Додека многу претставници инсистираат на “Европски стандарди” според кои безбедноста на границата треба од армијата да се префрли на нова полициска гранична служба, барем еден поранешен НАТО командант верува дека тоа би било грешка. Поради нерешениот

статус на Косово и реалните закани од инфилтрирање на вооружени екстремисти и нивно повлекување во покраината, тој смета дека мисијата на македонската северна граница треба да остане воена.[41]

Меѓународните расправии и македонската преголема самоувереност ја помрачија дебатата за тоа каков вид на мисија треба да ја наследи Конкордија по нејзиното планирано завршување на 15 декември 2003. На 29 септември, ЕУ ја одобри Полициската мисија на ЕУ (Проксима), најдоцна од 15 декември. Нејзиното планирање започна на 1 октомври, под водство на Барт Д Хоџ, које е веќе во државата како директор на Единицата за развој на полицијата на ОБСЕ. Меѓутоа не е јасно дали Владата и меѓународната заедница целосно ги разбираат потребите на Македонија во областа на безбедноста. Дури и Костов, кој се смета за министер кој е наклонет кон меѓународна помош во безбедноста, неодамна изјави дека му требаат само “монитори” а не практична полициска помош.

Во овој контекст, важно е да се нагласат трите главни придобивки на НАТО и до одреден степен и воената мисијата на ЕУ што ќе ја наследи:

- Високо мобилни и вешти тимови за врски со јасни оперативни способности за решавање на проблеми;
- Јасна потврда дека изолираните инциденти нема да ескалираат во големи пожари; и,
- Реален потсетник на меѓународната посветеност на охридскиот мировен договор.

Важноста од овие придобивки општо за етничките Албанци, а особено за Али Ахмети, не треба да се потцени. Уште од најраните денови на мисијата на НАТО, лидерот на ДУИ јасно нагласи дека меѓународната заедница, а не македонските потписници, ја смета за гарант на Охридскиот мировен договор. Неговиот одговор на критиката за Охрид од страна на друг албански лидер беше “Ако охридскиот мировен договор го прогласиме за мртов тоа значи дека и САД, ЕУ И НАТО ги прогласуваме за мртви”. Разочарани од заминувањето на НАТО, некои високи претставници на ДУИ неодамна нагласија дека им е сеедно дали Конкордија ќе си замине. Сепак тие се цврсто сигурни дека полиција на ЕУ кој ќе го наследи НАТО е целосно спремна, активна и посветена.

## Д. ЕЛЕМЕНТИ НА УСПЕШНА БЕЗБЕДНОСНА МИСИЈА

Во интерес на сите е ЕУ и НАТО да соработуваат за да направат проценка за безбедноста која ќе ја рефлектира фактичката состојба за постоењето на потенцијални ризици. Потребни се пет посебни чекори. Прво, тие не смеат да потпаднат под оптимизам. Прераното намалување на патролите по должината на проблематичниот пат Тетово-Јажинце се покажа како грешка која требаше да се смени. Ако се земат во предвид загрижувачките етнички односи лесно може да се предвиди потребата од присуство кое постојано ќе ја гради довербата во државата после декември. Фаталната експлозија на мина во село Сопот во март 2003 (најверојатно наменета за македонските безбедносни сили) и анти-воените немири во април во Танушевци, каде што започна конфликтот во 2001, како и изливите на емоции околу операцијата во Брест не потесетуваат на големата недоверба што владее.

Второ, Конкордија треба да ги сподели и пренесе обврските. Заеденички патроли со македонските безбедносни сили ќе бидат доказ против тврдењата дека Македонија станува “безбедносно зависна” и ќе помогнат во градењето на доверба кај Албанците. Заеднички вежби ќе бидат уште еден начин на градење на доверба потребна за да може армијата да ја превземе целосно безбедносната мисија.

Трето, Македонија треба да ја направи својата положба независна од меѓународно безбедносно присуство, без разлика како ова би влијаело на шансите за членство во ЕУ И НАТО. За време на конфликтот во 2001, многу Македонци се жалеа на прераното заминување на безбедносните сили на ОН (УНПРЕДЕП) во 1999. Тие треба да имаат на ум дека конфликтот би бил најголемо разочарување за нивните надежи за членство. Јасната цел на Јадранската повелба, потпишана од страна на САД, Хрватска, Албанија и Македонија на 2 Мај 2003 и пораката од самитот на НАТО во Прага во ноември 2002, е дека Хрватска, Албанија и Македонија можат да очекуваат учество во следното проширување на НАТО. ЕУ И НАТО треба да јасно да објаснат дека присуството на мировна мисија нема спротивно да влијае на шансите на Македонија. Американските напори да ја регрутираат Македонија во воена коалиција против Ирак, го ослабнаа доказот дека Скопје е “конзумент на безбедност” а не “прижинител за безбедност” на НАТО. Албанците и голем број на Македонци веруваат дека членството во НАТО ќе ја стабилизира државата но две третини од испитаниците од неодамна веруваат дека Македонија нема “никогаш“” или “во блиска иднина” да стане членка.

Четврто, НАТО, ЕУ и Македонија треба да развијат полициска мисија која ќе има потенцијал да се поврзе со воена поддршка. Како што објасни еден поранешен командант на НАТО, ефикасноста на неговите лесно вооружени тимови за врска зависи од нивната способост да побараат зајакнато вооружено

засилување. Доколку безбедносната ситуација продолжи да се подобрува, тимовите за врски на Конкордија би можеле да се заменат со засилени, проширени и видливи ММЕУ покрај оперативна мисија за полициска помош на ЕУ. Кредибилтетот на мисијата на ММЕУ ќе биде зголемен доколку таа и формално се инкорпорира во структурата на ЕУФОР. и ММЕУ и полицијата на ЕУ имаат право да бараат извлекување, доколку е потребноврз база на Проценките на НАТО во Македонија или Косово. Ако НАТО И ЕУ престанат да си противречат, идеално решение би било штабот за силите на НАТО за Косово да се искористи како заедничка поддршка за силите на ЕУ-НАТО. Доколку ММЕУ и македонските власти би забележале дека тензиите растат а ангажирање на армијата би ја разгорело ситуацијата, силите од КФОР би можеле да бидат повикани под знаме на ЕУ. Ова на Македонија би и овозможило да има безбедност од резервна сила без да има на свој терен долгорочно мировно присуство.

Петто, Костов и неговите заменици ќе имаат голема корист од внатрешен висок полициски претставник кој ќе може да побара политичка поддршка од меѓународната заедница во Скопје и во Брисел, како што тоа го прави способниот британски генерал мајор во Министерството за одбрана. Полициски претставник со ист ранг од некоја земја членка на ЕУ може и да го координира сеопфатниот преглед и да помага при оперативни проблеми.

Мисијата на Проксима е добар почеток. Таа ги нагласува приоритетите како што се зацврстување на законот и редот, тука вклучувајќи ја и борбата против организираниот криминал; имплементација на сеопфатната реформа на Министерството за внатрешни, вклучувајќи ја и полицијата; оперативна транзиција кон создавање на гранична полиција, како дел од поширок напор на ЕУ да го унапреди интегрираниот граничен менаџмент; градење на доверба на локалното население во полицијата; и зајакната полициска соработка со соседните држави. Но, ќе мора да се најдат дополнителни извори и политичка волја за да се постигнат овие цели.

## III. ЕКОНОМСКО НЕЗАДОВОЛСТВО

Додека економските проблеми се дел од состојбата на голем број земји во транзиција, во Македонија тие носат директни безбедносни импликации. Константното невработување на голем број Албанци го прикажува неисполнетото ветување на охридскиот договор. Како што изјави Мерсел Биљали од малата Албанска Партија за демократски просперитет: "Економскиот и социјалниот сектор се наш вистински приоритет. Очигледно е дека граѓаните на Македонија стануваат сѐ посиромашни".[49]

Во своите дванаесет години независност, Македонија има изгубено една четвртина од националниот приход.[50] Во 2002 година официјалната стапка на невработеност изнесуваше 32% (реалната бројка би била помала заради непријавеното вработување во неформалниот сектор).[51] Економскoто закрепнување остана неостварливо по кризата во 2001 година, кога БДП опадна на 4.1%. Порастот во 2002 година, претежно во секторот на услуги, изнесуваше скромни 3%.

На почетокот на февруари 2002, Владата постигна договор со Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) за нов "stand-by" аранжман во вредност од 27 милиони американски долари, а тоа исто така повлече ослободување на десетици милиони долари во блокирани донаторски средства.[52] Се наметнаа строги услови, вклучувајќи задоцнето распуштање или приватизација на компаниите-загубари и стопирање на државно вработување (со ограничени исклучоци за полицијата), а од Владата се побара да го подобри својот биланс на состојба за 135 милиони американски долари или преку буџетски редукции, или преку нови приходи. Коалицијата на социјалдемократите-либералдемократите се одлучи

[49] "Можна дестабилизација на Македонија поради економски и социјални проблеми", Македонски Сервис на Радио Слободна Европа, 7 мај 2003.
[50] Во регионот, само Србија и Црна Гора покажале поостри падови, со приходи кои се преполовени по распадот на Југославија. Види "За 12 години, Македонија изгуби една четвртина од националниот приход", *Вест*, 8 мај 2003, цитирајќи го лондонски *Тајмс*.
[51] Сепак, зголемената невработеност не е илузија. Податоците од истражувањата на УНДП укажуваат на зголемениот страв околу невработеноста и сигурноста на работното место "покажувајќи дека не само овие проблеми се искусени како многу сериозни, но исто така тие се и поакутни од последното истражување во септември 2001". Истражување на УНДП, стр.24.
[52] Одборот на директори на ММФ го одобри stand-by аранжманот на 30 април 2003.

за нови приходи, зголемувајќи го данокот на додадена вредност (ДДВ) врз широк асортиман на производи од 5% на 18%.[53] ММФ исто така наметна строги 2% од лимитот на БДП за буџетскиот дефицит, надевајќи се дека фискалната одговорност ќе помогне да се олесни монетарната политика и ќе ги намали високите каматни стапки во Македонија.

Потребно е време да се добијат поконкретни резултати. ММФ очекува Македонија да резултира со најмалку 1% од предвидените 3% стапка на пораст за 2003, но еден контрадикторен извештај од почитуван меѓународен економист заклучува дека порастот ќе биде помал од 1%.[54] Врз основа на анегдотски набљудувања, еден искусен инвеститор верува дека економијата сеуште стагнира, со редукции во давачките на Владата.[55]

Строгата фискална дисциплина го има посакуваниот ефект врз монетарната политика – каматните стапки на Централната банка се намалија од 16% на околу 7% - но кредитните стапки останаа константно високи за речиси сите позајмувачи. Банките и понатаму избегнуваат да даваат заеми во поранешните кризни области, убедени дека албанското население се лош кредитен ризик и дека полицијата и судовите би се колебале да применат сила. Постои општо колебање да се даваат заеми во кризните области; дури и македонски бизнисмени во делови од западна Македонија имаат проблеми со добивање кредит.

Со оглед на потешкотиите при добивање кредит и целосната несигурност, голем број македонски бизнисмени се иселуваат од кризните области во западна Македонија.[56] Една грчка фирма со акции во централна Македонија одби можност да стекне фабрика во близина на Тетово од безбедносни причини, градејќи целосно нова зграда во Грција со повеќекратни трошоци.[57] Додека албанското инвестирање продолжува во Тетово и другите области, не се бележи доволен пораст на работа за да се излезе во пресрет на младата албанска работна сила која е во брз пораст, вклучувајќи ги бившите борци на ОНА. Исто така, за "малцинството" македонци кои живеат во области со претежно албанско население, тешко е да се најде работа. Голем број од невработените ќе мора да бараат работа во странство или да останат без работа; голем број македонци можеби ќе ја напуштат западна Македонија. Неразвиената Источна Македонија исто така бележи постојано заминување на млади луѓе во странство.[58]

По иницијатива на ММФ, Владата има намера да ја намали државната вработеност за 4%, отпуштајќи 4,000 работници.[59] Меѓутоа постои страв дека затегнувањето на каишот може да поттикне штрајкови и немири. Речиси две-третини од анкетираните од страна на едно истражување на УНДП изјавиле дека би учествувале во штрајкови и демонстрации против невработеноста или дневниците; грубо полу-очекувано насилство против економската ситуација.[60] Некои набљудувачи веруваат дека амбициозниот синдиклен лидер Ванчо Муратовски ќе има решавачка улога во 2004.[61] Претседателот на најголемиот синдикат во чадорот на синдикати ја сподели својата загриженост дека Муратовски би притиснал на штрајкови за да ја унапреди политичката агенда.[62] Можноста за прелевање во етничката арена е јасна. На 16 јули 2003, 600 отпуштени работници од електростопанство се судрија со полицијата пред парламентот.[63] Тие беа делумно разлутени од изјавата на еден албански пратеник дека редукциите се позитивни бидејќи би ги оставиле албанците како повисок процент на работна сила.

Муратовски и опозиционите политичари сфаќаат дека Владата на Црвенковски е чувствителна на економија. Најчести критики се дека на коалицијата ѝ недостасува цврста економска програма и дека бавно ги приспособува реформите. Старата Влада на ВМРО-ДПМНЕ, и покрај наводната корумпираност, спроведе неколку важни мерки[64], но набљудувачите гледаат малку динамика во Владата на СДСМ, каде земјоделието е особено запуштено. Голем број земјоделци, со незабележителен пристап на странските пазари, добиваат екстремно ниски цени – неодамна во некои области лубениците се продаваа за помалку од еден цент по килограм. Министрите за економија и

[53] Општата стапка на ДДВ исто така беше намалена од 19% на 18%. Зголемувањето на данокот доведе до огромна критика кон Министерот за финансии Петар Гошев.
[54] Интервју на МКГ со претставници на ММФ за земјата, 21 јули 2003.
[55] Интервју на МКГ со директор на инвестициски фонд, 17 Јули 2003.
[56] Интервју на МКГ со менаџер на фонд кој има инвестирано во фирми во западна Македонија, 17 јули, 2003.
[57] Интервју на МКГ со претставник на странска фирма, 4 мај 2003.

[58] Една западна амбасада изјави за МКГ дека барањата за виза речиси дупло се зголемуваат секоја година по конфликтот, најмногу од страна на младите Македонци.
[59] Интервју на МКГ со државниот секретар на министерството за финансии Каргов, 15 мај 2003.
[60] Истражување на УНДП, стр. 26.
[61] Интервју на МКГ со уредникот на *Капитал* Љупчо Зиков, 11 јули 2003.
[62] Интервју на МКГ, Скопје, 21 јули 2003.
[63] "Отпуштените работници од ЕСМ вчера се судрија со полицијата", *Скопје Даун*, 17 јули 2003.
[64] На поранешниот министер за финансии Никола Груевски, новиот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, му се припишани важни реформи кои вклучуваа воведување на ДДВ и национална платежна картичка, како и преструктуирање на менаџментот во министерството.

земјоделие не успеваат да развијат програми да им помогнат на малите земјоделци да ги исполнат техничките и административни стандарди за извоз.

Владата и понатаму е растргната помеѓу конкурентските цели:

- потребата да го намали дефицитот и државната вработеност и да ги елиминира неефикасните државни претпријатија; а од друга страна, пак[65],
- да го стимулира стопанството и да ја зголеми севкупната вработеност – особено вработеноста во етнички албанскиот јавен сектор како што е побарано од страна на Охрид[66].

Светската банка работи на стратегија да помогне. Американската амбасада покрена ветувачка иницијатива со некои од македонските најуспешни бизнисмени, вклучувајќи го Светозар Јаневски од Пивара Скопје. Групата разви план за пронаоѓање странски инвеститори, и преку концентрирање на вниманието ветувачки предлози на врвни владини функционери, да ги надмине административните бариери со инвестиција[67]. Најголемиот сигнал до инвеститорите би бил поголемо охрабрување за евентуално членство во ЕУ, но резулатите од самитот на ЕУ во јуни 2003 во Солун се незабележителни. Според владини извори, високи функционери на ЕУ тогаш го обесхрабриле Скопје да се пријави, а Пактот за стабилност и асоцијација, потпишан во април 2001, сеуште не е во сила бидејќи треба да се ратификува од страна на три држави-членки на ЕУ: Италија, Финска и Белгија.

Но Македонија и да направи поголеми реформи, безбедноста останува клучен проблем. Како што рече премиерот Црвенковски, "Сè додека не ја стабилизираме безбедноста во земјата, ние не можеме да очекуваме значајно подобрување во економијата"[68].

## A. Идентитет и борба за работа

Министерот за финансии Гошев честопати врз себе презема поголема вина за економските тешкотии отколку премиерот Црвенковски или Министерот за економија Филиповски. Во една порака од американската амбасада се вели "сомневања за тоа дали министерот за финансии е способен да ја изврши задачата" на имплементација на "stand-by" аранжманот.[69] Но, кога се придржи до упатствата на ММФ, Албанците го обвинија дека намерно врши опструкции врз нивното вработување според Охридскиот договор.

Како член на релативно поекстремната Либерал-демократската партија и познат по строгите погледи врз етничките прашања, Гошев е персонификација на македонскиот отпор кон Охрид. Потпретседателот на ДУИ Агрон Буџаку изјави, "Гошев блокира сè", вклучувајќи го и вработувањето на Албанци во регионалните канцеларии на Владата.[70] За време на преговорите околу функциите, Гошев наводно не сакал да отстапи ниту еден сектор од неговото министерство на Албанци. Тој одрекува дека е пречка за вработување албанци, и вели дека има нови вработувања на 900 Албанци.[71] Всушност, ММФ и Владата се согласија да стават лимит на платите и наметнаа правило да нема нови вработувања, освен во полицијата и одредени други области според Охридскиот договор.[72] Сите нови владини вработувања се бара да бидат одобрени од страна на министерот за финансии.

Со оглед на важноста на вработувањата, директните средби помеѓу Гошев и Ахмети многу доцнат. Обезбедувањето "праведна застапеност" во држвното вработување за Албанците (и другите малцинства) останува еден од најчувствителните елементи на Охридскиот договор.[73] Со оглед на традиционалната

[65] Дефицитот е во огромна мера наследен. Во предвечерието на изборите, Владата на ВМРО-ДПМНЕ објави 10% зголемување на дневниците во јавниот сектор и план да се исплатат вложувачите од скандалот со штедилницата ТАТ од 1997. Ова го зголеми дефицитот на околу 6% на БДП. Македонија е исто така оптоварена со исплата на пензии, 8.2% од БДП, повисоки од оние на побогатите земји како Унгарија и Хрватска, чиј БДП е поголем повеќе од трипати. Види извештај на Банката, стр.4 (поопширен цитат)

[66] Донаторската конференција од 12 март 2002 вети приближно 25 милиони долари да покријат трошоци поврзани со Охрид, како на пр. најмување албански преведувачи во судовите и парламентот.

[67] Интервју на МКГ со Светозар Јаневски, генерален директор, Пивара Скопје, 28 јули 2003.

[68] Интервју на Радио Слободна Европа со премиерот Црвенковски, цитирано во *Скопје*, 21 јули 2003.

[69] "Батлер: 'Сомневањето за тоа дали Министерот за финансии е подготвен за ММФ аранжманот е загрижувачко", *Капитал*, 20 февруари 2003.

[70] Интервју на МКГ, 21 јули 2003.

[71] Интервју на МКГ, 11јуни 2003. Гошев исто така истакна дека повторното вработување на Лавовите лошо влијае врз финансиите и бројот на државни позиции за Албанците.

[72] Интервју на МКГ со државниот секретар на министерството за финансии Каргов на 15 мај 2003. Тој рече дека Владата ќе го намали државното вработување за 4%, отпуштајќи околу 4,000 работници по иницијатива на ММФ.

[73] Охридскиот член 4.2. наметнува мерки "да се осигура праведна застапеност на заедниците во сите централни и локални јавни тела и на сите нивоа на вработување, додека се почитуваат правилата во однос на компетенцијата и интегритетот кои управуваат со јавната администрација. Властите ќе преземат акција да ја корегираат сегашната нерамнотежа во состав на јавната администрација, особено

македонска зависност од државно вработување, борбата за работа честопати изгледа како натпревар без победник.[74] Албанците заземаат околу 11% од севкупните државни позиции, многумина на пониски нивоа.[75] Прашани од страна на МКГ да го именуваат најважниот елемент од Охридскиот договор (а да не биде децентрализација), албанските градоначалници најчесто се изјаснија за вработување во јавниот сектор.[76]

Преоптоварениот заменик премиер Муса Џафери од ДУИ, е оптоварен со задоволување на албанските очекувања за вработување, без да ги навреди ниту Гошев, ниту ММФ. За да се спречи конфронтација помеѓу отпуштените македонци и ново-вработените албанци, меѓународните функционери се обидоа да ги потиснат албанските очекувања. Консултантите сега прават разлика помеѓу "пропорционална застапеност" (строги квоти) и Охридската цел за "праведна застапеност" (процес на фер вработување) и предлагаат редукција на бројот на вработените како побезболен начин на промена на државната работна сила. Меѓутоа, годишно се пензионираат само 1,400 Македонци.[77]

Наоѓање позиции за Албанците во нови вработувања според Охридскиот договор исто така се искористи за ублажување на тензиите. На 14 април 2003, владата одобри пет чекори, вклучувајќи вработување на преведувачи на албански јазик во парламентот, владата, Врховниот суд и други Владини агенции и создаде повеќе двојазични места.[78] Исто така се согласи да воспостави обука да им помогне на албанските кадидати да ги исполнат барањата. Џафери и останатите претставници на ДУИ оворено признаваат дека образовните нивоа помеѓу Албанците – не само македонскиот опструкционизам – претставуваат огромна пречка. Како начин на решавање на образовниот дефицит, на 600 поранешни војници на ОНА и други Албанци ќе им биде понудено дополнително образование на тетовскиот Западно-источен европски универзитет, со почеток во последните месеци на 2003. Целта за "праведна застапеност" е сеуште скромна: пораст од 2% во 2003 кој ќе ја зголеми застапеноста на албанците помеѓу 13 и 14%. Со ова ќе се обезбедат 2,400 работни места, околу 1,600 во Министерствата за надворешни работи и одбрана, и 700 во Министерствата за образование и здравство.

Армијата е предвидена област за "праведна застапеност". НАТО бара од Владата да ги намали 60,000 членови на армијата – вклучувајќи 45,000 резервисти – на околу 6,500.[79] Албанците во моментов се вклучени со вкупно 4,5%. Со повеќе од 50,000 претежно Македонци, кои треба да бидат отпуштени, функционерите проценуваат дека ќе бидат потребни околу 40 милиони американски долари за надоместок за технолошки вишок. Министерот за одбрана Владо Бучковски вети дека ќе го зголеми процентот на Албанците во војската, и остварени се некои прелиминарни резултати, особено со женските регрути. Сепак, армијата нема да ги оствари оние 14% албанска застапеност во 2003. Функционерите, борејќи се да се справат со редукциите, ја третираат албанската застапеност како секундарен проблем.

Како по традиција, голем број работници од Балканот – особено во деновите на бивша Југославија – ги пополнуваа дефицитарните капацитети на работната сила во Западна Европа. Денес ЕУ не е многу волна да дискутира на оваа тема, особено поради фактот што оваа тема признава осум бивши социјалистички држави (вклучувајќи една бивша југословенска република). Меѓутоа, строгиот визен режим кој се применува врз Македонија и нејзините соседи, воопшто не ѝ помага на економијата на ЕУ и им дава слобода на луѓето ки се бават со недозволена трговија, а ги казнува чесните патници. Со релаксирање на визниот режим, ЕУ ќе им испрати порака на луѓето од Македонија и воопшто на западните балкански земји, дека ги смета за европјани.

преку вработувањето членови од заедниците кои не се доволно застапени".

[74] Според министерот Гошев, буџетот има високи фиксни трошоци: 36% за платите на државните вработени и 27% за пензиите. Јавниот сектор има околу 128,000 вработени, огромен број за толку мала земја. "Јавната администрација во Македониај", *Форум*, 4 јули 2003.

[75] Во 2000 год. работните места во јавниот сектор етнички се поделија, и тоа: 84,9% Македонци, 10.2% Албанци, 1.8% Турци, 1.6% Срби и 0.9% Роми и Власи, со 1.1% од непознато етничко потекло. Види "Во полицијата и армијата, работни места за 1600 административни Албанци", *Утрински Весник,* 26 март 2003.

[76] Интервју на МКГ со албански градоначалници, јануари и февруари 2003.

[77] Според извори на ЕУ, 2,000 работни места ќе бидат годишно потребни за да се постигне редуцираната цел од 14% албанско вработување.

[78] Види "Проект за реализација на програмата која се однесува на праведна застапеност", документ на Владата усвоен на 14 април 2003.

[79] Интервју на МКГ со функционер за безбедност на НАТО, 30 април 2003.

# IV. КОРУПЦИЈА И ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Убиството на српскиот премиер Зоран Ѓинѓиќ испрати страшно предупредување околу врските на корупцијата на функционерите и организираниот криминал. Како последица на тоа, премиерот Црвенковски предупреди дека "опасноста од криминалот и политичкото подземје не смее да се потцени, бидејќи дефинитивно постојат сили во регионот и во секоја земја кои најдобро успеваат во ситуација на хаос и нестабилност".[80] Додека ситуацијата во Скопје не може да се мери со онаа во Белград, се поставуваат прашања околу ефективноста на борбата против корупција и организиран криминал. Некои укажаа на тоа дека постојат директни врски помеѓу озогласениот белградски земунски клан и Лавовите. Српскиот заменик премиер Небојша Човиќ наводно именувал соработници на Земунскиот клан кои ги обучувале Лавовите, без индивидуалци од српската мафија да работат во Македонија.[81] Други проблеми се јавија околу грчкото инвестирање, од кое Македонија зависи во огромна мера, служејќи како параван на руски капитал од сомнително потекло. Функционерите исто така се загрижени дека претстоечкиот влез на Кипар во ЕУ може да повлече сомнителни финансиери од островот во Македонија.

## A. Анти-Корупциската Кампања: Епохален Чекор Или Политички Театар?

Македонија го лансираше својот напад врз корупцијата и организираниот криминал уште пред убиството на Ѓинѓиќ. Од самиот почеток, премиерот Црвенковски инсистираше тоа да биде столб на неговата администрација. Во една анкета, 82% ја подржаа кампањата.[82] и македонците, и албанците ја рангираат корупцијата помеѓу најголемите проблеми на земјата. Во едно истражување на УНДП, само невработеноста е повисок приоритет.

Министерот за внатрешни работи Костов агресивно ги гони осомничените од претходната влада, од кои 23, според ОБСЕ, се уапсени, вклучувајќи го и некогашниот генерален секретар на бившата владеачка партија, Војо Михајловски и бившиот министер за економија Бесник Фетаи. Сепак, острите мерки на суд не покажаа позначителни резултати. Четири од лицата со највисоки профили се ослободени, вклучувајќи го и Михајловски. Единствената пресуда за казна подоцна беше поништена. Претставници на ВМРО-ДПМНЕ постојано обвинуваат дека Владата спроведува политичка одмазда со одредени судски гонења. Меѓутоа, некои од нивните обвинувања се поткрепени, според одделот на ОБСЕ за владеење на законот.[83]

ВМРО исто така обвинува дека владата не ги гони своите пријатели со еднаква жестина, како што Црвенковски и Костов ветија дека се подготвени да работат. Тест случај можеби се појави со соопштението од страна на претседателот на Државната анти-корупциска комисија, Слаѓана Тасева (наименувана од Црвенковски) дека приватизацијата на шпедитерската фирма Фершпед, чии сопственици се блиски на СДСМ, се поништува. Тасева вети дека ќе поднесе приговор кон судската постапка доколку јавниот обвинител, јавните правни застапници и судовите не ја проследат. Меѓутоа, повеќето од медиумите ја игнорираа аферата или ја третираа со презир, можеби бидејќи Фершпед има значителен сопственички интерес во весникот *Вест*.

Третманот на медиумите кон Анти-корупциската комисија ја зголеми загриженоста околу можната несигурност на Владата. Друг важен случај е одлуката од февруари 2003 да се купи нафта во вредност од 30 милиони американски долари во исчекување на ирачката војна. Владата го додели договорот за набавка без конкурентско наддавање, расправајќи дека тоа е легално, и друг набавувач не беше во игра.[84] Извор на опозицијата, цитирајќи нафтени индустриски партнери, изјави дека со набавката на толку многу нафта се добива попуст од најмалку 3% - во овој случај, 1 милион американски долари. Постојат сомневања дека овој попуст можеби бил ставен во нечиј џеб и дека фиксната цена утврдена од страна на државата остана вештачки висока и откако оваа нафта беше поставена на пазарот кога завршија воените судари во Ирак.[85] Анти-корупциската комисија го разгледува случајот.

---

[80] "Црвенковски: Опасноста од криминално-политичкото подземје не смее да се потценува", цитирано во *Скопје* ,21 март 2003.

[81] "Човиќ тврди дека постојат врски помеѓу 'Земунскиот клан и Македонија", *Макфакс*, 14 април 2003.

[82] Анкета спроведена од страна на Институтот за демократија, солидарност и граѓанско општество, јануари 2003.

[83] Интервју на МКГ, 10 март 2003.

[84] Види "Министерот (за економија, Илија) Филиповски: Набавката на нафта без тендер е легална", МИА, 5 февруари 2003.

[85] Интервјуа на МКГ со висока личност од опозицијата, јуни и јули 2003. Директорот на компанијата која го прими договорот одрече дека постои било каков попуст или манипулација со цената на нафтата и рече дека неговата фирма изгубила пари на зделката. Интервју на МКГ 4 јули

Неуспехот на жестоко проследување на корупцијата ќе има сериозни последици за јавната доверба и ќе ја намали веројатноста за посилен економски развој. Премиерот призна дека одложувањата на случаите на корупција "ја убиваат надежта на граѓаните дека можеме да се справиме со ова големо зло", нагризувајќи ја довербата во судовите.[86] Меѓутоа, тој нагласи и дека владата и обвинителите си ја извршуваат својата работа, и покрај поплаките од страна на претседателот на Анти-корупциската комисија дека министерот за внатрешни работи е подобар во отворање случаи отколку пронаоѓање задоволителен заклучок.[87] Тој исто така категорички ја одрече шпекулацијата дека со поранешниот премиер Георгиевски е постигнат пакт на "не-агресија" кој ќе ги ограничи испитувањата и гонењето на одредени функционери на ВМРО-ДПМНЕ.

## Б. Потреба За Поголема Судска Независност

Кон крајот на април 2003, владата издаде "Стратегија за борба против корупцијата" на 30 страници. На 17 јуни, Анти-корупциската комисија издаде посеопфатен план за акција со детални препораки во шест области: политика; јавна и државна администрација; правен систем; кривичен систем и анти-корупциски тела; економски и финансиски систем; граѓански сектор, медиуми и меѓународни организации.[88] Тасева повика на судската реформа како највисок приоритет, особено во изградбата на судската независнот со укинување на парламентарните функции на судиите и замена на високо политичката Републичка судкса комисија со Државен совет за правда.

Предлогот на комисијата за независен државен совет ќе бара дополнување на 18 членови на Уставот. Со оглед на својствениот владин интерес да го задржи политичкото влијание врз судството и колебливоста повторно да го отвори уставот по Охридскиот процес, мала е веројатноста дека малата, преопроварена комисија може ова да го спроведе без меѓународно ангажирање. Меѓутоа, ниту една меѓународна агенција не ја презема оваа задача. Со своите ресурси и искуство со владеење и корупција, Светската банка може да го изврши тоа. ОБСЕ, со својот релативно голем и искусен персонал за владеење на законот, веќе ги следи судовите. Тие заедно можат да обезбедат значаен поттик. Меѓутоа, ОБСЕ се колеба да ги разгледа овие проблеми, сметајќи ја својата примарна улога поврзана со безбедноста.[89]

Иронично НАТО – политичко-воена организација – е најугледна помеѓу меѓународните актери за овие прашања. На состаноците на врвот во седиштето во Брисел, изрази жестока критика врз македонските лидери за нивниот неуспех да се справа со корупцијата. Од неодамна и Европската комисија покажува поголем интерес.

Помеѓу донаторите и македонскиот граѓански сектор не постои консензус во поглед на најсериозните проблеми со судството. Најголемиот дел од финансиите е наменет за изградба на капацитети, плата и обука, а не за судската независност.[90] Директорот на Институтот Отворено Општество во Македонија, Владимир Милчин, верува дека нагласувањето на ниски плати како извор на корупција го потценува ширењето на политичко влијание во правосудството. Тој забележува дека судиите на Врховниот Суд се помеѓу најдобро платените професионалци на Македонија, но претседателот на тој суд, Симеон Гелески, призна дека судиите редовно се соочуваат со притисок, закани и уцена.

Случајот на озогласениот трговец со бело робје Дилавер Бојку е најдобар пример за овој проблем. Му беше изречена казна од само шест месеци, потоа избега од затвор каде беше под значително слаб надзор. Судот не беше во состојба да ги спречи соработниците на Бојку да не ги заплашуваат сведоците, дури и набљудувачите на ОБСЕ. Во друг случај на тргување со бело робје, двајца осомничени беа ослободени, иако постоеа докази кои ги поврзуваа со тројно убиство за време на обид за киднапирање проститутки од една јавна куќа во селото Добри Дол.

---

2003. Министерот за економија Илија Филиповски не одговори на барањето на МКГ испратено по факс за интервју на оваа тема.

[86] Интервју на Радио Слободна Европа со премиерот Црвенковски, цитирано во *Скопје Дием*, 21 јули 2003.

[87] Интервју на МКГ, 21 јули 2003.

[88] Планот повикува на промена и усвојување на преку 40 закони; најиновативни предлози се оние кои се однесуваат на финансирањето на политичките партии.

[89] Интервју на МКГ,. ОБСЕ смета дека има споредна улога во помошта да се финансира анти-корупциската стратегија, мониторингот на судските процеси и обуката на локални монитори на судски процеси.

[90] САД издвои околу 15 милиони долари, а Европската агенција за реконструкција околу 7 милиони за реформа на правосудството. ОБСЕ има програма за помош на обвинителите за изградба на поефективни случаи.

# V. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА И ОПШТИНСКИ ГРАНИЦИ

Владината децентрализација беше клучен елемент на Охридскиот договор, но таа бавно напредува. Од процесот на враќање на поголемата моќ на локалните општини, која тие ја имаа пред независноста од 1991, ќе профитираат и Македонците и Албанците подеднакво.[91] Со децентрализацијата, локалните владини тела ќе бидат поефективни и побрзо ќе реагираат. Нивната цел нема да биде само остварување поголеми права за Албанците, туку и изградба на една граѓанска држава во која сите општини би имале еднаков удел во реформите.

Од состаноците на МКГ со повеќе од дванаесетмина градоначалници, како и мултиетничката непристрасна Заедница на Единиците за Локална Самоуправа (ЗЕЛС), но и во дискусија со меѓународни експерти од областа на децентрализацијата, јасно се гледа дека градоначалниците од сите политички и етнички сфери сакаат што побргу да ја повратат поголемата власт. Локалната поддршка е многу поголема кога децентрализацијата е претставена како еден неопходен елемент на владината реформа, отколку во контекст на Охридскиот договор. Големиот страв на Македонците дека децентрализацијата може да резултира во, федерализација", се чини дека се намалува.[92] Всушност, релативната слобода која им е доделена на општините со цел тие да соработуваат во определени сектори, дури и надвор од меѓународните рамки, изгледа дека не ги загрижува ниту Албанците, ниту Македонците.

Според надлежните органи на ЗЕЛС и ОБСЕ, со доверувањето на власта на локално ниво може да се постигне релаксирање на меѓуетничките односи. На пример, кога општините кои ги контролира Албански етникум ќе можат да издаваат дозволи, граѓаните повеќе не ќе можат вината за лошата услуга да ја префрлаат на централизираната бирократија, управувана од страна на Македонците. Жешкиот костен на меѓу етничките спорови, како на пример оној за школувањето во Шемшево, Куманово, Битола и Скопје, може да се избегне кога општините би го контролирале образованието, како што беше предвидено според Охридскиот договор.

Постојат и многу други раздорни прашања, како на пример забелешките дека Албанците не постапуваат чесно во делот на плаќањето на даноците. Ваквите спорови би можеле да се променат кога општините би играле поважна улога во секојдневниот живот на граѓаните. Во моментов, општините нудат само неколку услуги, како на пример комунална хигена, улично осветлување и оддржување на патиштата. Како што веќе беше нагласено погоре, некои албански градоначалници признаваат дека има вистина во стереотипот за даноците, но сите се убедени дека албанското население ќе почне чесно и еднакво да ги плаќа даноците доколку се подобрат локалната контрола, но и локалните услуги.

## A. Еден Централизиран Приод Кон Децентрализацијата

Тимот кој го изготвуваше Охридскиот договор беше свесен за пресудната важност на децентрализацијата. Покрај 16-те конституционални амандмани, Законот за локалното самоуправување беше единствениот легислативен предуслов за да се организира донаторска конференција. За процесот на децентрализација потребни се 2 додатни закона: закон за локални финансии и закон за општински граници. Вториот треба строго и прецизно да го редуцира бројот на општините, со драстично прекројување на границите.[93] Еден друг закон, кој се однесува на градот Скопје, би го реорганизирал овој главен град, каде живее речиси една третина од вкупното население.[94]

---

[91]Македонија беше многу подецентрализирана пред независноста. На пример, пред 1991, тогашните 34 општини ја имаа таа одговорност да управуваат со образованието. Од 1991 па се до денес, Министерството за Образование директно управува со училиштата, дури и при назначување на директори. Но, во доцните 1990-ти, под притисок на Советот на Европа, повторно се смениja работите, и тукушто беше изготвен нов нацрт закон за децентрализација кога изби конфликтот во 2001 година.

[92] Анкетата на Gallup International, застапувана на локално ниво од страна на Brima, во 2001 и 2002, ги споредуваше ставовите на граѓаните за децентрализација. Еден значителен процент на македонското население во почетокот стравуваше дека децентрализацијата "е чекор кон федерализација (за Албанците)". Сепак, бројката од 64% веќе следната година забележи пад од 48%. "Анализа на резулатите од анкетата за јавно мислење", Brima, Проект за реформа на локалната власт.

[93] Види подолу.

[94] Клучниот проблем е дали Скопје и општините во неговиот состав ќе имаат еднаков статус, или пак градот ќе има извесна поголема моќ, како што е случај со повеќето големи европски урбани центри. Министерот за локална самоуправа, Александар Гештаковски проценува дека нацрт закон ќе биде изнесен во првата половина на 2004 година, но нема да има никакви конкретни промени се до 2005 година. Разновидноста на етничката географија на Скопје, вклучувајќи ја и единствената општина во Европа која има мнозинство од население од Ромска припадност, особено го усложнува ова и онака чувствително прашање.

Законот за локално самоуправување, усвоен во јануари 2002, по споровите за тоа кому ќе му припадне профитната состојба на Фондот за здравство, теоретски ги прошири општинските капацитети, но многу малку остави простор за негова примена. Предвидено е една низа функции, извршувани од страна на централната влада, да се доверат на локално ниво. Но, за тоа сеуште нема изготвено соодветен механизам, ниту пак е определен распоред. Во клучниот сектор за здравство, определени задачи и средства му беа повторно вратени на централизираниот Фонд за здравство. Планираните нацрт закони за финансии и граници одамна го пречекорија временскиот рок определен според Охридскиот договор.[95]

Надлежните го оправдуваат бавниот тек на децентрализацијата, велејќи дека самиот процес е многу сложен и дека за тоа е потребно време. Се чини дека владините лидери како и нивните партии се слепи за последиците од ваквиот бавен приод. Само дипломатскиот состав покажува загриженост, но изгледа дека и тој со негодување го прифатил бавното темпо. Улогата на ММФ не е продуктивна во оваа дебата: препораките на оваа организација да се зголеми локалниот приход беа залудни.[96] Постоеше еден скромен пилот проект за трансфер на одговорноста за собирање на данокот на имот, кој речиси беше заборавен. Тој опфаќаше само четири општини, а беше исто така одложен.[97] Се на се, извршниот директор на ЗЕЛС се жалеше дека „ништо не е сторено".[98] Проблемот не е само во отпорот кај Македонците. Ахмети се однесува по малку незаинтересирано.[99] Како и нивните колеги Македонци, така и лидерите на ДУИ оставаат впечаток дека се во расчекор со градоначалниците,[100] кои го критикуваат недостатокот на напредок и густата централизација на доделување на раководните места.[101] Притиснат поради бавното темпо, Министерот за Локална самоуправа, Александар Гештаковски, предвиде дека процесот на децентрализација ќе трае „од десет до петнаесет години".[102] Таму каде што владата се вмеша во децентрализацијата, таа се обиде да ја задржи контролата. Нацрт Законот за локални финансии на Министерот за Финансии, става силен акцент врз глобалните дотации од страна на владата, како примарен извор на финансиски средства - приод со кој процесот би се задржил и на политичко, но и на централно ниво.[103]

Иако е очигледно колку е важно да се постави законодавна потпора на децентрализациското право, ова не значи дека треба да се жртвуваат непосредните, практични чекори за зближување на владата и луѓето. Сепак, раководниот орган за децентрализација, Гештаковски, објаснува дека практично сите прашања за финансирањето и за границите треба да се расчистат, пред да започне било каков значителен трансфер на власта.[104] Со други зборови, една критична компонента од Охридскиот договор остана на милост и немилост на напорите да се изготви еден оптимален план за распределба на државните приходи и да се достигне конечна спогодба за општинските граници, без разлика колку долго ќе трае овој процес.[105]

Владата може да направи трансфер на власт за кој нема да бидат потребни многу пари за селектирање на општините, бидејќи таа продолжува да работи на сложеноста за целосна децентрализација. При интервјуирање на градоначалниците, тие изразија силна волја да соработуваат на проекти, како на

[95] Додатокот Б од Охридскиот договор наложува дека Законот за локални финансии треба да се усвои до распуштањето на парламентарниот состав, до крајот на 2002, и Законот за општински граници до крајот на 2002,земајќи ги предвид резултатите од пописот (кои исто така доцнат). На состанокот на потписниците на Охридскиот договор, на 26.12.2002, сите рокови за децентрализација беа продолжени: целта да се хармонизираат законите (што е неопходно при трансфер на власта), беше одложена за крајот на 2003, а всушност и целосниот трансфер на должностите се одложи. Според новиот рок, тоа треба да се случи нешто по завршувањето на локалните избори, предвидени кон крајот на 2004 година.

[96] Се чини дека ММФ стравува од влијанието кое децентрализацијата би го имала врз контролата на централниот буџет. Според Фондот, во најлош случај повеќекратните општини ќе направат долг.

[97] Телефонски разговор помеѓу МКГ и градоначалникот на Велес, Аце Коцевски, 14.07.2003.

[98] Интервју на МКГ 14.07.2003.

[99] Интервју на МКГ со Али Ахмети, јули 2003.

[100] Повеќето албански градоначалници избрани во 2000 се членови на ривалската албанска партија ДПА.

[101] Разговори на МКГ со албански и македонски градоначалници извршени во периодот од јануари до mart 2003.

[102] Интервју на МКГ со Гештаковски, на 23.07.2003 и 09.01.2003.

[103] Види Службен vесник, 23.12.2002. Додатно финансирање им е доделено на 42 општини на многу политизиран начин.

[104] Интервју на МКГ. 23.07.2003 и 09.01.2003.

[105] Веднаш по формирањето на новата влада, Специјалниот претставник на ЕУ Brouhns и амбасадорот на САД Butler, го поттикнуваа премиерот Црвенковски не само да ги усвои законите потребни за трансфер на надлежност на локалната власт, туку паралелно да направи трансфер на власт која не би овозможувала голем финансиски авторитет, па на тој начин вкупниот прогрес не би бил условен од најпроблематичните прашања. Види писмо од Специјалниот претставник на ЕУ Brouhns и амбасадорот на САД Батлер, до премиерот Црвенковски, noemvri 2002. (Дали ова писмо е достапно на јавноста? Ако не, како можат граѓаните да го „видат"? Треба ли само да кажеме дека еден примерок е во рацете на МКГ или дека е достапен на оваа група?).

пример оние за водостопанството и хидроцентралите. Соработка на локално ниво е дозволена според Законот за локална самоуправа, и со активна меѓународна поддршка, ова би можело да помогне при релаксирањето на меѓуетничките тензии, како и при стимулирање начини за понатамошен локален активизам.[106] Накратко, владиниот приод кон децентрализацијата останува високо централизиран.

Сфера на која најитно е потребна децентрализација е образованието. Функционерите кои посредуваа при неразрешените спорови во училиштата во Шемшево и Куманово, сметаат дека нивната задача ќе беше многу поедноставна доколку образованието беше поставено на друг начин.[107] Правната паушалност предизвика спор околу тоа кој ќе ја има конечната моќ да ги назначува директорите на државните училишта, т.е. дали тоа ќе биде градоначалникот или пак локалниот училишен одбор.[108] Благодарение на помошта од мисијата финансирана од страна на USAID, беше постигнат компромис со кој му беше овозможено на градоначалникот да назначи директор, но од листа на кандидати составена од страна на училишниот одбор.[109] Сепак, оваа витална промена нема да стапи на сила се до 2005.

За некои од најважните промени во образованието потребно е мало финансирање или пак некое друго болно прилагодување. На пример, контроверзноста околу името на училиштето во Шемшево би било целосно во рамките на локалната власт за таа да го разреши по секоја цена. Слично е и со случајот на директорот на училиштето во село Врапчиште. Кај проблемот на пренатрупаното училиште во Куманово станува збор за капацитети, а на тој начин и за финансирање. Но, доколку за тоа беше одговорна општината, таа ќе можеше порано да ја препознае неопходноста од брза реакција и подобро да одговори, во споредба со тоа како проблемот го решија централното министерство и меѓународниот тим за преговори.

Градежните дозволи ги илустрираат недостатоците на тековниот систем. Еден граѓанин мора да се обрати кај една од 34-те општинските управи. На овој начин улогата на градоначалниците е залудна, а во исто време расте незадоволството кај населението- особено Албанското- доколку барањата бавно се одобруваат или пак се одбиваат. Гештаковски го потврдува овој проблем, но вели дека на општините им недостасува способноста за урбанистичко планирање. Неколку градоначалници со кои контактирала МКГ тоа цврсто го негирале. Некои изјавиле дека тие би можеле да ја превземат таа одговорност „утре“. Помалите општини кои немаат архитекти или инженери би се сложиле со ротирање на експерти од страна на поголемите општини, изјави градоначалникот на Сарај, Имер Селмани.[110] Генерално, помалите општини немаат способност да управуваат со имотните листови, кои се чуваат во општинските управи. Сепак, секој од градоначалниците со кои се сретна МКГ- било од албанска или од македонска националност, од поголема или помала општина- јасно и гласно ја искажа својата поддршка за тоа да им се овозможи на главните општини да ги задржат тие документи. Според ЗЕЛС, министерот за транспорт и врски – кој не е „Македонец-попречувач“ туку назначен Албанец, член на ДУИ, Миљаим Ајдини, не стори ништо за да го забрза процесот за издавање на градежни дозволи. Во последната верзија на нацрт законот, централната влада би го задржала конечното одобрување.[111]

ЗЕЛС активно се залага и за трансферот по поглед на собирањето на данокот на имот. Кога општините би имале право да го наплаќаат овој данок - кој веќе е означен како локален државен приход и поради тоа не се настапува толку агресивно при негово наплаќање од страна на Управата за јавни приходи - тие лесно би можеле да ги финансираат ограничените финансии поврзани со урбанистичкото планирање.[112] По продолжените дискусии, Министерството за финансии, во Јули 2003, се согласи да им го отстапи собирањето на данокот на имот на четири пилот општини.[113] Сепак, градоначалникот на Велес, Аце Коцевски, клучен член на ЗЕЛС, не очекува овој

[106] Член 14 од Законот за локална самоуправа го носи насловот „Меѓуопштинска соработка“. Во првиот член стои дека „При извршувањето на своите надлежности, општините смеат меѓусебно да соработуваат”.

[107] Интервју на МКГ со експерти инволвирани во двата случаи, 04.03 и 25.04.

[108] Интревју на МКГ со меѓународен експерт, 24.04.2003.

[109] Телефонско интервју на МКГ со William Althaus, шеф на DAI-LGRP (Development Alternatives, Inc: Local Government Reform Project), 14.07.2003.

[110] Интервју на МКГ, 24.01.2003. Покрај функцијата градоначалник на општина Сарај, Селмани е и потпретседател на ЗЕЛС.

[111] Интервју на МКГ со Претседателот на ЗЕЛС Горан Ангелов и Извршниот директор Душица Перишиќ, 14.07.2003. Според нив, претставниците на ЗЕЛС само еднаш се состанале со Ајдини.

[112] Се проценува дека локалните општини можат да го зголемат собирањето на овој доход трикратно. Всушност, на општините им се доделени три даноци кои се донесуваат на имот: 1.Повратниот данок на недвижнина и подвижен имот; 2.данок на трансфер на имот; и 3.данок на наследство на недвижнина. Првиот е најважен.

[113] Интервју на МКГ со државниот секретар na Министерството за финансии, 15.05.2003. Интервју на МКГ со Претседателот на ЗЕЛС, Горан Ангелов и извршниот директор Душица Перишиќ, 14.07.2003.

пилот проект да започне се до крајот на 2003 или почетокот на 2004.[114] На 25.03.2003, ЗЕЛС постигна договор со владата да примени непристрасен критериум при распределбата на државниот вишок- 70% за сиромашните општини, а 30% за побогатите.[115]

ММФ, кој го надмина својот мандат за фискална солвентност, има свој удел во одложувањето на процесот на централизација, со тоа што инсистира не само општините да бидат оградени од превземање долгови, туку и тоа Македонија да ги спои општините во економски поприфатливи единици. Партиите главно ја прифатија понатамошната стипулација дека Законот за општински граници е приоритетен во поглед на Законот за локални финансии.[116]

DAI-Проектот за реформа на локалната власт (ПРЛВ) финансиран од USAID, докажа дека е можно надворешни фактори да бидат катализатори, а во исто време локалните учесници сепак да бидат „сопственици" на процесот. ПРЛВ ја даде на ЗЕЛС неопходната техничка поддршка и поттик. Ваквата соработка придонесе до неколку нацрт предлози на ЗЕЛС, а ПРЛВ ги поттикна градоначалниците да организираат состаноци каде ќе се дискутира за проблемите со кои се соочуваат жителите. Ваквиот напор треба да се прошири. Слично на ова, ОБСЕ ги спонзорира Групите за советување на граѓаните, средби помеѓу граѓани и претставници на полицијата, каде што се дискутира за евентуалните грижи и се решаваат некои проблеми. ОБСЕ забележува дека локалните функционери честопати гледаат на овие групи како на закана, па не учествуваат во потполност. „Голем број на спорни прашања се поставуваат на полицијата, но тие прашања немаат директна врска примена на законот", туку со локалната власт.[117]

Експертите на ПРЛВ се согласуваат дека би можело многу повеќе да се стори и ги поддржуваат Одборите за советување на граѓаните во пет општини. Целта на овие одбори е да ја поттикнат граѓанската интеракција со градоначалниците и градскиот совет. Меѓународните експерти можат да бидат од корист и како посредници во централната власт, со цел да се осигура дека таа реагира на проблемите на општините. Во најдобар случај, интеракцијата: граѓанин-општина-централна власт би ја променила децентрализацијата од процес кој оди во надолна линија, во процес кој оди во нагорна линија.

Процесот на забрзување на децентрализацијата скромно ја наметнува потребата од хармонизирано водство, особено од двете клучни фигури: специјалниот пратеник на ЕУ Brouhns и амбасадорот на САД Butler. Според експертите, Американците покажуваат поголема посветеност на концептот, и се водечка струја која го поттикнува и забрзува процесот. Сепак, тие укажуваат на лошата координација помеѓу бројните учесници. На една конференција на ОН, службеник на УНДП изјави дека во моментов, 23 одделни учесници работат на децентрализацијата, но тие воопшто не се координирани. Повеќе од очигледно е дека раководството на специјалниот претставник на ЕУ не е присутно во оваа сфера.

## Б. Законот За Општински Граници

Меѓународната помош ќе биде непоходна и при смирување на потенцијалните раздорни спорови околу Законот за општински граници. Една мешана група од службени лица и експерти, ја разгледува опцијата да се изготват географски карти со кои наводно бројот од 123 општини би се намалил на 60 и 67.[118] А сепак, претстојниот извештај од Светската Банка го предизвикува вообичаениот став за потребата од таква амбициозна консолидација, инсистирајќи дека не постои строга корелација помеѓу жителите и ефикасноста на локалната влада.[119] Наместо тоа, како се намалува бројот на општините, тие честопати поинтензивно соработуваат, на пример споделувајќи училишта. Имајќи го предвид потенцијалниот ефект на Пандорината кутија, во случајов прекројувањето изборни единици, Банката инсистираше дебатирањето за границите да биде строго ограничено само на техничкиот проблем- големина, т.е. случаи каде една општина едноставно е толку мала што не е во можност да ги пружи основните услуги.

[114] Телефонско интервју на МКГ со градоначалникот на Велес, Аце Коцевски, 14.07.2003.

[116] „Заклучоци" од состанокот на потписниците на Охридскиот Договор, во присуство на претставници на ЕУ и САД и Претседателот Трајковски, 26.12.2002. Особено внимание обратете на членовите 3 и 6. DAI-Проектот за реформа на локланата власт (ПРЛВ) финансиран од USAID, помага при развој на локалниот закон за финансии. Уште во 2002, раководното тело на овој проект понуди нацрт, и сега активно учествува во дискусиите за тоа како да се продолжи. Советот на Европа помагаше при формирањето на Законот за општински граници.

[117] Единица за развој на полицијата при ОБСЕ, "Групи за советување на граѓаните", Извештај за состојбата, септември 2002 до јануари 2003, стр. 5-6.

[118] Според Министерот за Локална Самоуправа, Гештаковски, интервју на МКГ 23.07.2003.

[119] БЈР Македонија: Извештај за Состојбата на Децентрализација (Извештај бр. 24305, Намалување на сиромаштијата и единица за економско управување, Единица за Европа и Централна Азија, Светска Банка, 15.09.2003) достапен на www.worldbank.org.

Сепак, ортодоксноста на ММФ е толку вкоренета, што речиси е сигурно дека бројот на општините ќе биде, во најмала рака, преполовен. Повеќе од очигледен е потенцијалот за поларизирачката контроверзија која може уште повеќе да ги поттикне разговорите за етничка поделба. Прелиминарните владини најави предизвикаа строга реакција кај опозицијата.[120] Дури и градоначалниците од владеачката коалиција го критикуваа овој процес. Некои македонски функционери гласно ја искажуваат грижата дака повеќето од „нивните" урбани општини ќе бидат поврзани со сиромашните, рурални Албански градови, каде што даноците не се подмируваат. Но и градоначалниците на малите општини, како албанските, така и македонските, протестираа кога стана збор за изгледите за консолидација. Експертите и опозицијата подеднакво ја искажаа својата загриженост дека определувањето на границите ќе биде „задкулисна игра" помеѓу владеачките партии, а потоа ќе биде презентирана како *свршен чин*.[121]

Министерот Гештаковски ја минимизира својата загриженост и се чини дека искрено се заложува да се избегне меѓуетничката експлозија. Тој е уверен дека неговиот мултиетнички советодавен тим, составен од градоначалници и академици, може да најде заеднички јазик. Со помош на Советот на Европа, министерството разви 5 главни критериуми кои ќе се однесуваат на општините: големина (не помали од 5,000 граѓани и центар со не помалку од 2,000); економски ресурси; адекватен општински имот; инфраструктура; и природни и географски услови.[122] Гештаковски наведе и уште еден, шести критериум, кој не се сретнува во документот: некои специфични историски и културни особености, а на тој начин ќе се сочуваат определени општини со етнички особености.[123]
Како што се очекуваше, овие критериуми не го спречија судирот на мислења помеѓу СДСМ и ДУИ во неколку области. Висок функционер на ДУИ тоа го опиша како фундаментален судир на интереси:

[120] ВМРО-ДПМНЕ изјави дека територијалната поделба треба да ги почека резултатите од пописот, став кој остро беше пречекан од страна на Гештаковски. Партијата предложи и намалување на бројот на општините: на 30 „урбани" и 50 „рурални" општини. Разговор на МКГ со visokite funkcioneri на ВМРО-ДПМНЕ.
[121] Интервју на МКГ со функционерот Љупчо Балковски од ВМРО-ДПМНЕ 17.07.2003
[122] Види „Територијална организација на локалното самоуправување во Република Македонија". Документ приложен до МКГ од страна на Министерството за локална самоуправа на 23.07.2003.
[123] Интервју на МКГ, 23.07. 2003. Види и „Гештаковски: Територијалната поделба нема да предизвика етничка и политичка поделба", цитирано во *Скопје*, 09.07.2003.

Ние би сакале да го максимизираме бројот на општините каде што Албанците сочинуваат 20% од вкупното население (и на тој начин Албанскиот јазик да се определи за официјален јазик) и сакаме да ги поврземе Албанците со урбаниот центар. Македонците пак, го сакаат спротивното, т.е. да ја зачуваат македонската контрола над урбаните центри, а на тој начин да ги потиснат Албанците во руралните области, и да го минимизираат бројот на општини каде повеќе од 20% од жителите се од албанска националност.[124]

Тој исто така нагласи дека Македонците ги применуваат тие критериуми каде тоа им оди во полза на нивните етнички интереси. На пример, би ги консолидирале Македонците на запад, со тоа што би ги споиле општините Вратнице и Јегуновце, а од друга страна пак, би ги лишиле Албанците од тоа право во општината Долнени, или пак во било која друга општина.[125] Според еден друг извештај, ДУИ сака да ги спои Скопје и Арачиново, со цел да формира една голема албанска општина во Скопје, а во меѓувреме да ја контролира и општината Кале.

Министерот Гештаковски ги отфрла ваквите контроверзни изјави, инсистирајќи на тоа дека овие проблеми може да се решат. Скопје, како што вели тој, нема да биде проблем се додека Советот на овој град ја има финансиската контролата. Сепак, тој признава дека постои една урбана-рурална поделба околу Кичево и Струга, и дека постои препирање околу етничката припадност на градоначалниците. Со други зборови, дури и со највеликодушна карактеризација, нацрт законот наметнува некои егзистенцијални прашања за карактерот на државата, вклучувајќи го и прашањето за тоа дали Македонија некогаш ќе биде „граѓанска држава или само слепа трка за локална контрола и пристап до ресурсите помеѓу двете најголеми етнички групи. Македонците се се повеќе загрижени дека консолидацијата на поголемите албански општини ќе го направи македонското малцинство ранливо- обвинение што припадниците на ДУИ го сметаат за навредливо.

[124]Интервју на МКГ, 21.07.2003.
[125] Функционер на ДУИ додаде дека Македонците се плашат дека Албанците ке достигнат ниво и од 50% во општините. Гештаковски во разговорот со МКГ на 23.07. 2003 инсистираше дека тоа не се прашања за дискусија.

# VI. МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ

Мерењето на стабилноста е покомплексно отколку бележењето на инцидентите или проценката на темпото на имплементацијата на Охрид. Истотака постои се помал опиплив фактор во релациите помеѓу двете заедници кои прават скоро девет десетини од населението. Мислењата се поделени. На едниот крај, Црвенковски и Ахмети се пример на пристојност, воздржаност и заедничка соработка; на другиот крај , поранешниот премиер Георгиевски и претседателот на ДПА Џафери тврдат дека Охрид и мултиетничката држава се фатални. Георгиевски дури предложи Македонците да изградат ѕид како оној кој се гради помеѓу Израелците и Палестинците.[126] Албанскиот писател и експерт за дијалог Ким Мехмети верува дека комуникацијата е скоро комплетно урната помеѓу двете водечки заедници од времето на конфликтот, додека македонскиот муслиман и експерт за дијалог Ферид Мухиќ смета дека релациите респектабилно се смалени.[127] Некои Македонски новинари продолжуваат со фанатични изјави кон Албанците; водечкиот Албански дневен весник Факти, континуирано омаловажува со написи кои наведуваат на омраза кон Македонците.

## А. По Конфликтот

По едно нешто експерите не се согласуваат; според скорешните анкети, граѓаните се изјазнуваат различно, дури и со само-котрадикторни погледи. Анкетите самите по себе не се согласуваат, ИРИ истражувањата се генерално пооптимистички од она на УНДП Рано Предупредувачко Истражување. Во односот на однесувањето кон Албанците, Македонците покажуваат многу поголема толеранција и верба отколку Георгиевски; само 12 проценти го делат неговото верување дека идеална ситуација е држава без Албанци. Спротивно на Џафери, повеќето Албанци имаат слични погледи за приоритетите на државата какои и Македонците, сугерирајки дека заедничкиот политички живот е не толку далечна можност.[128] Со посебна забелешка, според експертите, е желбата на двете групи да ги делат работните места, најзначајната арена за вежбање на социјално однесување.[129]

[126] Георгиевски изјави дека ова е единствена шанса за Македонија доколку Албанците одбијат поделба
(Дневник, 18 Април 2003). Неговата статија коинцидираше со слична на Џафери во *Факти*.

[127]Врз основа на конверзациите на МКГ со Мехмети и Мухиќ.

Сега, потполно е јасно дека погледите на Охрид ќе останат остро поделени. Повеќе од половина од Македонците не го подржуваат договорот, додека Албанците го подржуваат договорот едногласно. Повеќе од три - четвртини од Македонците потврдуваат дека најверојатно би учевствувале или би подржале демонстрации против иплементацијата.[130] Висок број на граѓани во двете групи цитиираат одредени одредби, кои ако се применат во потполност (за Македонците) или недоволно (за Албанците), може да ја оправдаат вооружената конфронтација. Проблематичен е високиот број на Албанците (преку третина) кои сакаат целосна независност или автономија во Македонија ( скоро еднакво на оние кои веруваат дека Македонците и Албанците треба да живееат заедно).131 Ова објаснува зошто Џафери и неговиот заменик Мендух Тачи бесрамно насочуваат кон "етничка Албанија". Јунското истражување на ИРИ од 2003 година покажа дека додека ДПА има ниски показатели, оние на Џафери растеа а на Ахмети беа во опаѓање.[131]

Дури и најоптимистичкото истражување покажа дека два пати повеќе од населението веруваат дека државата оди во погрешна насока. [132] Аларманти две - третини од Албанците и Македонците нагласуваат дега очекуваат голема ескалација на насилство околу етничките прашања и Охрид.[133]Накратко, обичните граѓани не се ниту приближно огнени околу нивната иднина како што се нивните лидери или меѓународната заедница. Како свештеникот во номинираниот за Оскар филм на Милчо Манчевски, Пред Дождот, повеќето луѓе сеуште гледааат злокобни облаци за бура кои се собираат кога ќе се се погледне на Македонското небо.

## Б. Лажниот Успех На Враќањето На Бегалците

Како членови на изборни комисии, органите надлежни за помошта скицирааат различна слика. Македонија имаше едно од најбрзите мултиетнички враќања на бегалците видени на Балканот .[136]Како и да е надлежните во УНХЦР предупредуваат дека високата стапка на повратници се засенува со постојаната поларизација на заедниците. Додека сериозни акти на насилство се ретки, според УНХЦР, Македонците се соочуваат со “ суптилен но константен притисок да ги напуштат” областите каде се малцинство.[137] Државните органи направија графичка “крива на повратници”, во опаѓање која го рефлектира неуспехот на враќање и реинтегрирање како социјално така економски. УНХЦР и ОБСЕ наведуваат постојано

[137] Состанок на МКГ со претставници на ОБСЕ, 20 Јуни 2003.

акти на вандализам, насилство и потполна злоупотреба во некои села по должината на Тетово- Јажнице патот (на Косовската граница). Во еден широко покриен случај, потврден од ОБСЕ, бензинската пумпа на определен македонски сопственик перманентно беше оштетувана.[138] Во Опае во Кумановската област 46 реконструирани куќи беа опљачкани, според извештаите потврдени од УНХЦР.

Албанците се против идентификација на виновниците и не сакаат да зборат за проблемот во Граѓанската Советодавна Група на состаноците со полицијата, спонзорирана од ОБСЕ. Некои државни органи го опишуваат како почетно, пост-конфлинтно чуваство на доминација и поистоветување како дел од многу Албанци. " Нема да има повеќе Македонци кои ќе живеат тука за две години", вели еден Албанец во село во близина на Тетово, доверливо на набљудувачите. Некои Албанци отворено даваат на знаење за падот на односите и заканите од криминалци и екстремисти. Еден градоначалник вели дека нема да го предаде своето оружје во владината акција за собирање на оружје потпомогната од УНДП ниту пак очекува Македонците да го сторат тоа.[139]

Албанските градоначалници го потврдуваат она во што органите кои ја даваат помошта, долго се сомневаа: продавањето на имотите на малцинставата на двете страни континуирано се зголемува. Посебно вознемирувачка е потврдата од градоначалникот на Зајас дека феноментот на продажба на куќите се повеќе расте кај Македонците и Албанците во Кичевскиот регион - по судирите од 2001 година.[140] Ова наведува дека чувството на осетливост помеѓу малцинставата се шири во поранешните подрачја опфатени со кризата. Граѓаните жалат по делот од Скопје, симболизиран по отпорот на Македонците да се дружат северно од Вардар во старата чаршија, порано жив мултиетнички центар.

Младите Албанци, цврсто врзани за правото на употреба на јазикот од Охридскиот договор, покажуваат голем отпор да учат или зборуваат Македонски. Младите Македонци покажуваат наклонетост кон шовинизмот исто така. Солидаризирајки се со Македонците вклучени во школските расправии во Шемшево, младите во анти -Албански демонстрации доведоа до етнички тепачки во Скопје.

## B. Расправии Во Училиштата

Во почетокот на Октомври 2002, Албанците во Шемшево, на североисток од Тетово, игнорирајки ги правилата, еднострано го сменија името на школото од македонски херој во локален албански херој, поставувајки и биста на влезот. Македонските родители ова го доживеаа како непријателски гест и ги повлекоа своите деца. Во Куманово додека тензиите растеа во пролетта 2001 година, Албански учител беше истепан, и Албанците ги повлекоа своите деца од средното школо. Моќна бомба експлодира во близина на влезот на средното школо на 25 Декември 2002 година убивајки случаен минувач, ранувајки други, за малку промашувајки ги Македонските ученици.[141]

Во двата случаи големите напори на ОБСЕ за посредување, дури и со учевство на повисоки државни претставници, не доведоа до разбирање.[142] Во Шемшево понудата за изградба на нова гимназија од САД-ЕУ не ги реши разликите и Македонците не се вратија во училиштето. Во Куманово во Мај 2003, Македонците спречија 180 Албанци, во придружба на Полицијата и меѓународните претставници да посетуваат мешано училиште. Како одговор, четири дена подоцна, повеќе од 1000 Албанци го блокирааа главниот влез кон градот. Понатамошното посредување на високо ниво доведе до пробно разбирање кое еден од државните претставници го нарече "договор за поголема поделба" отколу актуелно решение.[143] Овие две раправии, продукт на конфликтот од 2001 година, се важни тест случаи за пост-Охридска Македонија. Колкава е тежината на ова прашање покажа и примерот со Министерот за Образование Азис Положани, кој се откажа од заедничката почит кон националните симболии предложувајки ја идејата дека училиштата треба да се нумерирани а не да носат имиња.

Пред некое време, горчливи расправии околу училиштата се појавија во Скопје и вториот град по големина, Битола. На 11 Септември 2003 година, Македонските родители ги повлекоа своите деца од средното училиште во главниот град на протест против одлуката на Положани за трансфер на седум паралелки со албански ученици. Наредниот ден, Македонските ученици со родителите лансираа бојкот во средното училиште во Битола како протест на одлуката на Положани за предавање на Албански. Министерот беше обвинет за обид за "увоз" на Албанци во претежно македонската Битола .[144]

---

[138] МКГ интервју со претставници на ОБСЕ , 20 Јуни 2003.
[140] МКГ интервју со Градоначалникот на Зајас Руфат Хусеини , Јануари 2003.

[144] Битола, позната како Манастир на Албански, има важна симболична вредност за Албанците во нејзината улога во

Шовинистички пораки дека Албанците не се добредојдени во Битола беа причина за меѓусебни тензии и инциденти во кои беа употребувани камења. Во Скопје полицискиот кордон спречи директни судири помеѓу Албанските ученици кои се обидуваа да влезат во училиштето и Македонските ученици кои протестираа против Положани. Немирите во Скопје се случуваа во многу мешана средина во Чаир.[145] Запрепастен од реакцијата, Министерот за внатрешни работи Костов изрази "срамење" од противењето на правото на Албанците да учат на сопствен јазик. Како и да е, владата времено ја суспендира одуката на Положани, и тој остро беше критикуван од неколку страни за намерно лошо менацирање на целата работа..

## Г. ТЕНЗИИ ПОМЕЃУ ЕТНИЧКИТЕ АЛБАНЦИ И ТУРЦИ

Во друг барометар на пост-Охридските етнички односи, турските родители постојано се во многу нееднаква положба кон Албанците околу школувањето на нивен јазик, можноста за избор на директори на училиштата и постојаниот притисок да се идентификуваат себе и своите деца како Албанци.[146] Во извештајот на еден многу искусен меѓународен пртетставник стои дека етничките Турци се притискааат "да мислат дека еден ден Тетовскиот регион ќе биде чиста етничка Албанска област, со етничка Албанска култура и ... политичко влијание па поради тоа подобро е да ја прифатат нивната култура и идентитет за нивните деца" [147] Ова доведува до заклучок дека со притисокот се води кон присилна асимилација на турската заедница.

Иронија е тоа што Охрид, кој ја намали супериорноста на надмоќните Македонци и кој, теоретски, би требало да го зголеми статусот на сите граѓани, е непопуларен не само кај православните Срби и Власи, туку и кај Турците муслимани. Мухиќ, Македонец муслиман и експерт за дијалози, верува дека "сите неалбански етнички заедници имаат негативен став кон Охридскиот договор" кој е поволен за Албанците.[148] Од нивна страна, Албанците се колебаат во однос на евентуалното споделување на нивните придобивки со другите малцинства. По неодамнешното назначување на еден Турчини, Зоран Сулејманов, за судија во уставниот суд, потпретседателот на ПДП, Абдулади Весели, искажал остри поплаки дека "Албанците не се бореле за да гледаат како местата кои им припаѓаат одат кај други.[149]" Еминентните Албанци од Дебарската област не отстапуваат од ставот дека локалните Македонци муслимани се "навистина Албанци"[150].

Знаејќи го фактот дека Албанците завземаат став спротивен на другите малцинства од иста вероисповест, не е ни чудо што имплементацијата на Охридскиот договор лични на борба меѓу двете доминантни групи, чиј резултат изнесува нула. Згора на тоа, вознемирувачкиот сомнеж дека Македонците и Албанците неизбежно ќе му се вратат на конфликтот, ја поткопува неопходната обврска која ќе причини договорот да профункционира. Ако ги погледнеме Георгиевски и Џафери, кои постојано ја докажуваат некомпатибилноста на двете најголеми заедници, не е

примената на јазикот. Тоа беше место на немири во 2001, по инцидентите на ОНА водруги делови во Македонија. Во немирите имаше големи оштетувања на сопственоста на Македонски Муслимани како и на Албанците од градот

[145] Вербата во Чаир е пред се осетливо прашање во наредните општински граници и законот за Скопје. Многу Македонци веруваат дека Албанците сакаат да го претворат во Албански контролиран град во Македонија и се сомневаат дека тоа е мотивот за тајмингот на одлуката на министерот Положани, која можеше да се донесе во Јули или Август кога немаше да предизвика толку остра реакција. Како и во расправиите во училиштата во Куманово натпреварувањето околу недоволните ресурси истотака ја води котраверзноста на Чаир; школото работи со максимум капацитети, со барем една Македонска паралелка принудена да оди на друго место

[146] Во теоријата, Охрид обезбедува право на образование на сите граѓани, не само на Албанците. Обезбеден е во основното и средното образование изучување на мајчинитот јазик за сите малцинства; додека на Албанците како на "20 проценти плус популација" им се дадени специјални привилегии за универзитетско ниво на образование на нивниот јазик, сите малцинстава ќе имаат корист од позитивната дискриминација (афирмативна постапка) за да се обезбеди повисоко место во составот на населението. Охридски договор, Дел 6 "образование и употреба на јазиците" специјално ставовите 6.1-6.3 и став 4 од член 48. Ова обврзува истотака учениците да го проучуваат и Македонскиот јазик.

[147] Неформален извештај, "Прашањето на образованието кај малцинствата настрана од Албанците", МКГ.

[148] Судбината на Чаир ќе биде особено чувствително прашање во претстојните поставувања на општинските граници и во скопските закони. Многу Македонци веруваат дека Албанците сакаат да ја претворат населбата во град "контролиран од Албанците" и се сомневаат дека ова е причината за термниот на одлуката на Министерот Положани, која може да биде издадена во јули или август кога нема да предизвика толку остра реакција. Како и во Кумановските училишни дебати, натпреварувањето за недостигот од ресурси се чини дека ја поттикнува контроверзноста на Чаир.

[149] Цитат од "Парламентот избира шест од девет уставни судии", *Скопје*, 8 мај 2003. Видете исто и "Сите Турци ќе ја бојкотираат наставата",*Дневник,* 1 април 2003.

[150] Интервјуа на МКГ во Дебар 13 јануари 2003.

ни чудо што оние кои го поддржаа Охридскиот договор продолжуваат да губат сила[151].

## Д. СООЧУВАЊЕ СО ОСТАВИНАТА ОД 2001

Иако безбедноста и економијата се најважните фактори за консолидирање на стабилноста, постојат и три други проблеми кои треба да се решат: објаснување за малиот број исчезнати лица за времето на конфликтот; средување на воените злосторства и обновување на уништените религиозни објекти.

Краткотрајноста на конфликтот во 2001година ја поштеди Македонија од огромните бројки на жртви кои ги видовме во другите конфликти. Додека од Косово недостигаат 4 000 лица, а од Босна 30 000, од Македонија недостигаат само дваесет (тринаесет Македонци, шест Албанци и едно лице од Бугарска националност). Сепак, овие случаи претставуваат потсетник за незавршените работи и тие имаат политички призвук. Вујкото на Ахмети, парламентарецот од ДУИ Фазли Велиу, го обвини поранешниот Министер за внатрешни работи Бошковски дека му е позната судбината на неговиот исчезнат брат, Ружди Велиу[152]. Од друга страна пак, извештаите од Шведската истрага поткрепена од ЕУ, објавени во 2002година, тврдат дека поранешниот командант на ОНА и функционер на ДПА, Даут Реџепи (“командант Лека”) има информации за судбината на исчезнатите Македонци од Тетово. Македонските семејства се подеднакво фрустрирани поради тоа што оваа соработка, како и многу други, не продолжила.

Ограничениот број и околностите кои го обвиваат овие случаи (неколку Албанци исчезнаа во близина на определени полициски контролни пунктови или станици) укажуваат дека, за разлика од Босна или Косово, откривањето на она што точно се случило е возможно. Поведувајќи се по соопштението на Шведската истрага, Меѓународната комисија за исчезнати лица (ИЦМП) предложи национален процес – мешана владина комисија – која ќе се фокусира на откривање на местата каде би можеле да се лоцираат исчезнатите лица. Ваква комисија сеуште не е формирана, а семејствата на жртвите сеуште се наоѓаат во состојба на недоверба и разочарување[153]. Сомневајќи се дури и во меѓународните настојувања, Македонските семејства одбија да дадат примероци од ДНК со помош на кои дали четирите тела пронајдени во Западна Македонија се на нивните роднини[154].

Албанците обвинуваат дека, и покрај амнестијата, поранешните членови на ОНА се сеуште предмет на прогонување и апсење, особено на границата каде што неколку високо почитувани лица биле притворени[155]. Министерот за внатрешни работи Костов, инсистира на тоа дека таквите процеси се завршени, а од правниот сектор на ОБСЕ велат дека бројката на ваквите апсења опаднала на помалку од едно во месецот[156]. Според ОБСЕ, поголем проблем е тоа што

[151] Иако дипломатите избегнуваат политички некоректни теми, на диспаритетот меѓу стапката на наталитет кај Албанците и Македонците Георгиевски и останатите гледаат како на нешто кое безмилосно ќе ги доведе двете зедници до конфликт. Осврнувајќи се на контроверзниот попис на население, заменик директорот на Заводот за статистика, Миљаим Адеми, индиректно ги потврди стравовите на Македонците. Тој за албанскиот весник Шекули изјави дека бројот на Албанците не може да биде помал од 22.7 проценти, колку што изнесуваше по пописот на население во 1994 година, зашто само во 2002, 38 од новородените бебиња биле Албанци. "Аргументите на Адеми се дека порастот на албанската популација е многу поголем од оној на другите етнички националности," во Скопје, 26 август, "Демографија: 38 проценти од новороденчињата се Албанци".

[152] "Едно нешто е сигурно, а тоа е дека поранешниот Министер Љубе Бошковски ја знае целата вистина за мојот брат," видете "Пронајдено телото на братот на Велиу", Дневник 19 јули 2003.

[153] Еден меѓународен извор вели дека Спикерот на парламентот Никола Поповски е главната пречка за формирањето на заедничка владина комисија. На конференцијата одржана на 18 јули 2003, функционери на ИЦМП се повикаа на законот за заштита на сведоци. Еден член од семејствата на жртвите рече, "Очекувавме многу повеќе од конференцијата. Не беа отворени клучните прашања за тоа како (жртвите) беа киднапирани, местото на кое биле однесени и дали сеуште се живи". "Семејствата на киднапираните бараат одговори од Ахмети и Бошковски", беше цитирано во Скопје, 21 јули 2003.

[154] Неодамнешната истрага во општината Џепчиште во близината на Тетово, која ја помогнаа и Германците, не даде никаков резултат. Според ИЦМП, телата биле откриени во близина на селото Требош, каде што поранешниот Министер за внатрешни работи, и покрај меѓународните предупредувања, во ноември 2001 испрати полиција, со што предизвика судир со вооружените Албанци, судир по кој тројца полицајци беа мртви а тензиите беа зголемени. ОБСЕ одби да им дозволи на набљудувачите да бараат заштита од НАТО, со цел да ја заштити локацијата заради подоцнежна ексхумација, чекор кој евентуално ќе можел да го спречи инцидентот. Нивното резонирање беше дека мисијата имала само мандат за "човечка димензија", а не мандат за "човекови права".

[155] Џевад Адеми, поранешен вице премиер на (Албанската) Национална демократска партија, беше уапсен на албанската граница и доведен во Скопје со полиција.

[156] Функционери на ОБСЕ веруваат дека, генерално гледано, амнестијата била изведена "задоволително во разумна мерка". Интервју на МКГ, 10 март 2003. Исто така, следеше

помеѓу 30 и 100 потерници за воени злосторства остануваат нерешени. Ова значи дека дузина Албанци, вклучувајќи и угледни личности, се уште, теоретски, предмет на апсење и тужба. Судовите покажаат силен отпор кон владините напори да ги укинат случаите.

Отсуството на јасен механизам кој би одлучил, кој треба да застане пред судот поради воени злосторства, внесува несигурност меѓу Албанците во однос на амнестијата и огорченост кај Македонците. За време на охридските преговори, НАТО наводно го убеди лидерот на ОНА дека со предметот на воени злосторства ќе се бави единствено Хашкиот Трибунал. Албанците инсистираат дека ова ги оневозможува судењата во локалните судови, додека Македонците, поткрепени од експертите по човекови права, изјавуваат дека доколку Хашкиот Трибунал не дејствува, домашните судови ќе го имаат правото да го сторат тоа.

Делумно за да ја поштеди земјата од раздорни контроверзи, Обивнителот на Хашкиот Трибунал Карла Дел Понте побара јурисдикција врз пет познати случаи на воени злосторства, "како и на сите идни". Меѓутоа, во октомври 2002 судот го одби барањето за дополнителни случаи, ограничувајќи ја јурисдикцијата на петте споменати случаи[157]. Оваа одлука ги стави во мирување сите други потенцијални случаи на воени злосторства од кризата во 2001. Доколку Македонскиот обвинител или судот побараат јурисдикција, контроверзата ќе биде сосема извесна. Обвинетите Албанци веќе беа изнесувани пред македонските судови. Еден од нив, Кренар Османи, веќе беше осуден, но поради лутите протести што следеа, на крајот беше ослободен[158].

Логичното решение е Хашкиот трибунал да ги провери случаите и на македонските судови да има даде зелено светло да се обидат со оние кои се сметаат за помалку сериозни. Министерството за правда во соработка со судот скицираат закон во кој се вклучени одредби за процедурален и легален увид во Хаг. Со желба да ги забави операциите, судот во голема мера се повлече од преземањето на овој терет. Освен ако не го смени својот приод и не прифати некаква одговорност за ставањето вето на случите, Македонија на крајот ќе се соочи со уште една жешка контроверза каква што беше случајот на Османи.

Постојат и други, помалку тешки начини од судењата за воени злосторства, за да му се затвори вратата на минатото. Половина дузина религиозни објекти седат уништени, како резултат на насилството на толпите, поради директно целење на воените сили или како резултат на саботажа. УНХЦР верува дека нивното обновување ќе помогне да се прекине лизгалката во меѓетничките односи. Европската агенција за реконструкција направи добар почеток со започнувањето со реконструкција на црквата Св. Атанасиј во Тетовското село Лешок[159] на 8 јули 2003 година. Но на други локации, како на пример Битола и Прилеп, не се одвивале суштински поправки[160].

## Ѓ. УЛОГАТА НА ДВАЈЦАТА ЛИДЕРИ

Единствените најголеми учесници во медиумите во Македонија не се донаторите, туку двајцата главни политички лидери, премиерот Црвенковски и Ахмети, лидерот на ДУИ. Ако нивните претходници Георгиевски, Џафери и Тачи, постигнуваа договори приватно а потоа издаваа фанатични јавни апели, Црвенковски и Ахмети претставуваат модел за

интервју на МКГ со шефот на правниот сектор на ОБСЕ, 14 јули 2003.

[157] Видете го документот на ИЦТИ: Република Македонија - Случај бр. ИТ-02-55-МИСЦ.6, "Одлуката по барањето на Обвинителот за одложување и предлог законот за Поранешната Југословенска Република Македонија", 4 октомври 2002, достапно на http://www.un.org/icty/Supplement/supp37-e/misc.htm. МКГ дознава од извори на ИЦТИ дека случаите биле консолидирани во два: љуботенскиот случај и случаотј за водачите на ОНА. Љуботен е локацијата на наводната егзекуција на четворица Албанци, една смрт со тепање и три како последица на гранатирање, некаде околу 10 август 2001. "Случајот со водачите на ОНА" се состои од наводните свирепости против македонските безбедносни сили, како и други случаи во кои се вклучени наводни тортури на пет работници во близина на селото Групчин на 7 август 2001.

[158] Неодамнешното ослободување од затвор на Кренар Османи во извесна мера исто така ја намали лутината во однос на ситуацијата со амнестиите. Функционери изјавуваат дека иако обвинителите и судовите стојат на неигурно тло во однос на применувањето на "изземање од воените злосторства" кај овој случај, постои доволно голем доказ за тој да биде обвинет за злосторства – против Албанците , а не против Македонците.

[159] Црквата експлодираше во сомнителни околности набрзо по потпишувањето на Охридскиот договор во август 2001. Реконструкцијата на објектот ќе чини приближно 400 000 евра.

[160] Двете заседи на ОНА (во Вејце на 28 април 2001 и во Карпалак на 8 август 2001) предизвикаа масовно насилство во родните градови на жртвите, Прилеп и Битола. Во Битола беа уништени, продавници и домови на Албанци и на Македонци муслимани; во Прилеп маса луѓе ја уништија историската турска џамија. Заседата на ОНА во Карпалак зад себе остави десет мртви резервисти, единствениот напад во конфликтот кој ја плати најскапата цена. Тоа се случи во одлучувачките моменти во Охридските преговори, пред партиите да се согласат по однос на целата работа за сопирање на конфликтот.

транспарентност и пристојност. Колку и да е пренагласена и самофалена нивната линија на напредок, тие ги обезбедуваат медиумите на еден конзистентен, впечатливо ублажен тон. На некој начин, Македонија е благословена со идеалната постконфликтна политичка ситуација: и двајцата лидери на двете главни етнички партии силно ја поддржуваат спогодбата за мир, секогаш одбиваа поделби и сега само се соочуваат со една слаба опозиција. Обајцата цврсто одбија да се впуштаат во ефтини апели за национализам.

Дипломатите значајно се заинтересираа за Црвенковски, кој заврши со својот радикален анти НАТО став за време на Косовската кампања вп 1999. Дури и кога не беше прифатен, Црвенковски му пружи силна поддршка на охридскиот договор. Неодамна во Брисел, на средбите со функционери на ЕУ И НАТО, Црвенковски инсистираше на тоа дека, ако е неопходно, Владата ќе го имплементира охридскиот договор "дури и без поддршката на опозицијата"[161]. Демонстрирајќи ја својата желба за хармонија и понатаму, на конгресот на партијата СДСМ на 8 февруари, тој ги призна на легитимните албански поплаки кои му претходеа на конфликтот од 2001[162]. Како човек кој за времето на својата прва Влада беше реакционерски екстремно алергичен на албанскиот национализам, неговото признавање е од голема вредност[163]. Со тој говор, Црвенковски, како и други македонски политичари потврди дека и самите Македонци носат некаква одговорност за конфликтот[164]. Неговата партија остварува брз напредок кон легализирањето на тетовскиот универзитет, кој е уште еден од остатоците од неговото екстремно минато.

Иако многумина озборуваат за наводните врски со Белград на поранешниот комунистички лидер на СДСМ, Црвенковски завзеде изненадувачки ублажувачки став кон независноста на Косово, што е сеуште чувствителна тема за повеќето Македонци, со својата изјава, "Одбивам да верувам дека иднината на Македонија зависи од идниот статус на Косово... За целиот регион е многу поважно Косово да биде "нормална" територија отколку да биде... дел од (Српската) Федерација"[165].

Ахмети, исто така, завзеде слични конструктивни ставови. На 22 мај 2003, на средбата со албанскиот премиер Фатос Нано, тој ефективно им даде зелено светло на македонските безбедносни сили да се справуваат со албанските екстремисти: институциите на државата треба да реагираат на екстремистичките групи кои не сакаат мир и стабилност. За претходниот водач на востаничките групи кој пред само две години им поставуваше заседи на истите тие сили, тоа беше изненадувачки пресврт[166]. Исто така, Ахмети отиде во селските региони за да ги смири разлутените селани по контроверзните полициски операции, со што тој стана предмет на обвинувања дека е "пионот на Бранко". Дури и на приватните средби тој ја задржуваше контролата пред обвинувањата за бавното темпо на имплементацијата на охридскиот договор од страната на неговиот коалиционен партнер. Јавно, Ахмети неодамна повторно изјави дека, "меѓу коалиционите партнери постои политичка волја и добра соработка"[167].

Иако взаемните дејствија меѓу Црвенковски и Ахмети имаат недоработени точки кои со текот на времето можат да станат проблематични, партиски извори

---

[161] Изјава на Црвенковски за време на посетата на Брисел, 8 мај 2003.

[162] Во неговото главно обраќање на Конгресот на СДСМ на 8 февруари, Црвенковски го постави прашањето за правење отстапки за Албанците кои го започнаа бунтот: "Овој Конгрес е можност да се види дека единствениот избор кој го имавме како нација и држава во 2001, беше етничка војна со трагични последици или мултиетнички компромис и редефинирање на Уставот на република Македонија. Иако постојат 100 аргументи кои го одбрануваат Уставот од 1991, факт е дека Албанците никогаш не го прифатија". Неговите забелешки предизвикаа остар критицизам кај поранешниот Претседател на Парламентот Стојан Андов, кој рече дека, "Тезите дека Уставот бил причината за конфликтот во Македонија се многу опасни". "Андов: Црвенковски промовира опасни тези за Уставот", Вест, 18 февруари 2003.

[163] За време на неговиот прв мандат како премиер, Црвенковски јавно и честиташе на полицијата која отвори оган на демонстрантите во Гостивар во 1996, убивајќи тројца од нив меѓу кои и еден постар Албанец; еден демонстрант од тетовскиот универзитет беше исто така убиен од полицијата во 1997.

[164] Претседателот Борис Трајковски исто така даде блага интерпретација за конфликтот во еден говор пред парламентот во кој ги презентираше охридските конститутивни амандмани во август 2001. Трајковски алудираше на тоа дека одговорноста за конфликтот ја делат многумина - не само ОНА.

[165] "Опасноста од криминално-политичкото подземје не смее да се потцени: Интервју со Бранко Црвенковски", Утрински Весник, 18 март 2003. Дополнително, Црвенковски пред МКГ изјави дека "за Македонија всушност би било подобро Косово да биде независно и во него да владеат законите, отколку да живее во безаконие и да остане дел од Српската Федерација". Црвенковски одговараше на прашањето, "дали ситуацијата во Косово и убиството на Џинџиќ ќе има последици за Македонија?"

[166] Генералната поддршка на Ахмети кон полицијата го подложи на жесток критицизам од страна на ривалите Џезаир Шакири, 16 јуни 2003.

[167] Интервју со Ахмети за весникот Шекули, цитиран во Скопје Дием, 21 јули 2003.

кои биле присутни на нивните средби велат дека тие двајцата имаат развиено необичен однос. Тие генерално завземаат цврсти позиции, но на крајот од средбите, понекогаш незабележително, двајцата партиски лидери постигнуваат разбирање. На 25 јули 2003, на едно ретко, заедничко патување кое доби благонаклонет публицитет, тие отидоа во Дебар (град блиску до границата со Албанија во кој живее мнозинство од Албанци) за да посетат една фабрика во странска сопственост и за да се сретнат со локалните функционери.

## 1. Избалансираниот пристап на Црвенковски

Под површината, како и да е, лидерите на ДУИ велат дека постојат трендови кои, ако не се адресираат, ќе ја нарушат видливата хармонија. Највпечатливо е обвинувањето на некои функционери на ДУИ, дека Црвенковски промислено предизвикува Ахмети да изгледа слаб, за да обезбеди целосна доминација на СДСМ врз својот албански партнер. Во однос на креирањето корица на пасош на албански јазик, Црвенковски извлече одреден број одобрувања од Ахмети, од кои повеќето беа безначајни понижувања. Во она што стана визуелно претставување на нивниот однос, советниците на Црвенковски создадоа едни иницијални шанси за фотографирање на двајцата лидери, во кои Ахмети изгледа мал и оддалечен од својот домаќин.

Иронијата на пристапот на Црвенковски кон неговата работа со Ахмети и кон импелементацијата на охридскиот договор е во тоа што малкумина од останатите балкански лидери уживаат таква доминантна позиција. Две третини од електоратот изразува доверба во него, солидни десет поени повисоко од било кој ривал[168]. Според анкетата на ИРИ од април 2003, поддршката за СДСМ пораснала за повеќе од дупло од онаа на ривалите ВМРО-ДПМНЕ[169].

Не само што долгогодишниот и единствениот сериозен ривал (Георгиевски) ја напушти јавната сцена, туку и претседателот на земјата се наоѓа во длабоки политички пробелми. Ниското рангирање на Борис Трајковски стана уште пониско по несреќните преговори со САД за македонските трупи во Ирак и по скандалот со прислушкувањето[170]. Одвреме навреме, Црвенковски се соочува со вознемирувања од цврстата фракција во неговата партија, предводена од Спикерот на Парламентот Никола Поповски и цврстиот парламентарец Тито Петковски, но тој лесно се справува со тоа.

Македонците се повеќе истапуваат пред Црвенковски со согледувања за потребата да го изглади спорот со Ахмети и да избегнува да го остава чувствителен на неразумната опозиција и екстремистите[171]. Пред една година ќе беше ерес, но сега уредниците на два

[168] Дури и почитуваните 17.5 проценти од Албанците велат дека имаат доверба во Црвенковски, додека половина не изразуваат никаква доверба во него. Спротивно на тоа, 91 процент од Македонците изразуваат недовреба во Ахмети, а одвај 2.8 проценти изразуваат некаква доверба. Анкета на УНДП, оп.цит., пп. 58-59. Поновата анкета на ИРИ исто така покажува дека Црвенковски има предност над своите ривали.

[169] Меѓу гласачите од сите етницитети, СДСМ зема речиси четвртина од гласачките места со 23 проценти, додека ВМРО-ДПМНЕ зема 10 проценти. Речиси три пати повеќе од анкетираните рекоа дека СДСМ најдобро ги претставува нивните гледишта. Во гласањето во јануари 2003, СДСМ доби поддршка од 32.5 проценти, споредено со 5.2 проценти што ги доби ВМРО-ДПМНЕ. Телефонското гласање на Институтот за демократија, солидарност и граѓанско општество, јануари, 2003. Поранешниот вице премиер на ВМРО-ДПМНЕ и поранешен Министер за земјоделство, Марјан Ѓорчев, отворено ја призна непријатната ситуација на партијата: "Во овој момент можам да кажам дека... ситуацијата во нашата партија не е на ниво кое овозможува нормална партиска работа. Се случија бурни настани, кои ја дестабилизираа партијата и тие веројатно ќе имаат влијание врз нејзините идни активности." "Интервју со Марјан Ѓорчев, ВМРО-ДПМНЕ ВП", *Утрински весник*, 13 јануари 2003.

[170] На Трајковски со наклонетост гледа само 1 процент, според анкетата на ИРИ. Спротивно на него, Црвенковски беше поддржан од 12 проценти, надгласан само со Киро Глигоров, почесниот прв претседател кој повеќе не е политички активен. Трајковски, според претседателските извори, беше постојано контактиран од Амбасадата на САД по однос на крајно непопуларната тема за праќање трупи во Ирак за време на војната, но тој се обиде да преговара со САД за ангажманот поврзан со спорот со Грција за името на земјата. Преговорите за името пропаднаа, а тој беше остро критикуван. Македонија испрати двајца службеници за врски во Централната команда во САД, на Флорида. На крајот на април 2003, парламентот во голем обем гласаше за испраќање трупи во Кувајт, како дел од повоената коалиција. Контроверзното помилување на 7 април 2003 од страна на Трајковски врз неговата блиска политичка соработничка и поранешна директорка на Агенцијата за разузнавање и поранешна министерка на Министерството за внатрешни работи Доста Димовска, поради нејзиниот удел во наводната афера со прислушкување, го подложи на удар и го стави во изолација како никогаш досега. Аферата со прислушкувањето и стана позната на јавноста благодарение на тогашниот опозиционен лидер Бранко Црвенковски, на почетокот во 2001. Наводно, Црвенковски, новинари и дипломати, вклучувајќи ги и оние од амбасадата на САД, беа предмет на прислушкување.

[171] Видете "ДУИ не може да биде само украс во Владата", *Утрински весник*, 18-19 јануари 2003. Некои набљудувачи му припишуваат наводни предупредувања на премиерот за веројатни претседателски амбиции во 2004 година.

магазина и еден весник ја предупредија владата "да заврши со обврските за Рамковниот договор (Охрид) за да не остане простор за (екстремни Албански) воени опции.[172]"

## 2. Мекиот стил на Ахмети

Радикалните ставови на ДПА се потсетник дека Ахмети се соочува со многу посуров внатрешен критицизам отколку Црвенковски[173]. Меѓутоа, како човек со речиси Гандиевска воздржаност, тој стоички го прифаќа критицизмот кој му го нафрла ДПА и горчливиот весник *Факти*. "Ние не сме овде за да приредуваме претстави, туку за да постигнеме резултати" е една од неговите вообичаени реченици. Тој на своите заменици им забранува да даваат ветувања или да објавуваат иницијативи се додека тие не се "завршена работа". Ахмети им е повеќе наклонет на обидите да ги победува клеветниците, отколку едноставно да се соочува со нив и да ги отфрла. По координираниот вербален напад од страна на Џафери и Тачи во Охрид во април 2003, Ахмети уште еднаш избра помирување (неплодна лична дискусија). Тој покажа слична мекост во справувањето со проблематичниот Фадил Сулејмани, поранешниот ректор на Тетовскиот универзитет и со одметниците и бившите команданти на ОНА како што е пријателот на Сулејмани, Исаир Самиу (командант Бачи) од Шемшево[174].

Спротивно од повеќето балкански политичари, Ахмети не е без желба да се помеша со обичните луѓе, минувајќи време, на пример, во Вејце и слушајќи ги поплаките со обид да ги смири тензиите. Сепак, како менаџер, тој остава и нешта кои можат да се посакуваат. Неговите функционери во ДУИ мораат да понесат голем дел од одговорноста за бавното темпо на имплементацијата на охридскиот договор. Многумина од нив (со исклучок на Министерот за образование Положани и директорот на аеродромот Фатмир Бешими) покажаа скромни резултати, ако воопшто покажаа некакви резултати. Како што веќе споменавме погоре, Миљаим Ајдини покажува мал интерес да го поттикне дури и трансферот на моќта за издавање градежни дозволи во општински управи; Министерот за правда Исмаил Дардишта е нашироко исмеан како неефективен и тој јавно призна дека нелегално добивал струја во својот дом. Трудољубивиот вице премиер, Муса Џафери, е поткопан со неговото круцијално портфолио. Двајца од најспособните функционери на ДУИ - Агрон Буџаку и Теута Арифи - се наоѓаат во парламентот, а не во Владата, каде што нивните таленти би можеле да се искористат најдобро. Одредени луѓе од парламентот велат дека остатокот од парламентарната група на ДУИ е "бескорисна".

Црвенковски и Ахмети ја споделуваат вината поради генерално слабата комуникација помеѓу нивните министри и заменици од другите етницитети. Меѓународните функционери велат дека некои заменици во ДУИ се без желба да ги бараат своите министри. Во други ситуации, како што е со министерот за економија, вината е во македонскиот министер.

Експертите за развој на партиите велат дека ДУИ има само хартиена структура. Неа главно ја води Ахмети и една мала група луѓе. Помеѓу бившите команданти на ОНА и интелектуалците и политичарите кои заседоа многу клучни позиции, постои силна пукнатина. Ахмети има тешкотии да ги контролира регионалните и фракциските поделби. Меѓутоа, благодарение на интензивната помош од Националниот демократски институт (НДИ), помогнат од САД, тој стана подостапен за медиумите, особено за телевизијата, а

[172] "Феноменот Џафери", *Актуел*, 28 февруари, стр. 17. Видете исто и "Форца во имплементацијата на Рамковниот договор", *Зум* магазин, 28 февруари, стр. 12. и, "ДУИ не може да биде само украс во Владата", *Утрински весник*, 18-19 јануари 2003. Сите три статии нагласуваат дека бавната имплементација на Охридскиот договор, им отвора простор на политичките губитници, криминалците и екстремистите да ја дестабилизираат земјата. Водечкиот весник на земјата, *Дневник*, одржува еден цврст пристап кој го нагласува негативното влијание на Охридскиот договор и тешката ситуација на Македонците. Подпретседателот на ДУИ, Агрон Буџаку, го цитира "патриотското" толкување на некои творци на јавното мнение кои продолжуваат да оставаат впечаток дека "Албанците добиваат премногу права."

[173] Познатиот гостиварски градоначалник, Руфи Османи, ја критикуваше ДУИ во едно скорешно интервју за *Зери*, поради пасивното допуштање на Македонците конзистентно да ги блокираат назначувањата и вработувањата, дури и на ниските нивоа; неуспехот да има транспарентен партиски процес за назначувања; недостаток од јасна политичка програма; слаба вклученост во подготовката на буџетот за 2003, кој не предвидува доволни фондови за имплементацијата на Охридскиот договор и прифаќање на понижувачки компромиси за симболични прашања. Косовскиот магазин *Зери*, 28 април 2003.

[174] Неуспехот на Ахмети да го поддржи Рамиз Абдули, кога беше привремен ректор на тетовскиот универзитет и сегашната администрација на тој институт против Сулејмани и "Командант Бачи" беше скапа грешка. Дуото Сулејмани-"Бачи" беше остро критикувано од страна на меѓународните функционери, поради инспирирањето на агресивните студенти да ја превземат зградата во Тетово. Меѓународните функционери очигледно задоцнето сватија дека во однос на тетовскиот универзитет нема да има никакво напредок се додека Сулејмани има некакво влијание. Видете ги коментарите на ОБСЕ во "Загрозување на легализирањето на универзитетот во Тетово", цитирано во *Скопје* 14 октомври 2003.

неговата партија ја развива многу потребната теренска структура.

## Е. ЗАКАНИТЕ ОД ЏАФЕРИ И ТАЧИ

На 18 и 19 април 2003, лидерите на двете најголеми опозициони партии, Арбен Џафери и Мендух Тачи од Демократската партија на Албанците (ДПА) и бившиот премиер Георгиевски од Македонската партија ВМРО-ДПМНЕ, испратија директни напади врз охридскио договор. Тие тројцата го прогалсија за “мртов“ и го поддржаа делењето на земјата[175]. ДПА исто така прогласи бојкот на парламентот[176].

Јасно, овие театралности беа пресметани за да спасат малку од гордоста на политичките “губитници”, од кои секој поединчено беше засенет од својот ривал и кои поминаа лошо на изборите во 2002, беа извалкани поради наводната корупција и објавија оставка од работните места во партиите (иако само Георгиевски официјално ја напушти позицијата)[177]. Жестината на реториката и нејзиното директно предизвикување на меѓународно посредуваната мировна спогодба се речиси без преседан во регионот.Како и да е, меѓународните реакции беа млаки. Додека Македонските лидери издадоа остар приговор, заедничката изјава на ЕУ, СД, НАТО и ОБСЕ повторно го поздравија напредокот и кон тоа додадоа скриено предупредување за “алтернативните сценарија кои го комплицираат патот до Брисел“[178].

Меѓународните функционери продолжуваат да го осудуваат Џафери. Еден месец пред неговиот директен напад на охридскиот договор, амбасадорот на СД во Македонија, Батлер, ефикасно ја ослободи ДПА од обвиненијата за вмешаност со одметнатата Албанска национална армија[179]. Следствено на декларацијата “Охрид е мртов“, ЕУСР Броунс бараше начини да се сретне со Џафери и служеше како негов бранител, јавно пренесувајќи го неговото порекнување на одговорноста за положбата на ДПА[180]. Тогаш, Батлер беше цитиран како вели, “ние не се сомневаме во поддршката на ДПА во процесот на имплементација на Охридскиот договор[181].

---

[175] Оттогаш, Арбен Џафери се обидува, неубедливо, да избегне лична поврзаност со декларацијата дека “Охрид е мртов“. Неговата статија во *Факти* содржи многу од истите мислења, вклучувајќи го и јасното изразување дека мултиетничките држави не можат да функционираат. Ова е втор пат во 2003 година, ДПА и ВМРО-ДПМНЕ да се повлечат од процесот на имплементација на Охридскиот договор.

[176] ДПА исто така повика на тоа Македонија да стане “протекторат“. Додека Џафери подоцна тврдеше дека тој никогаш не рекол дека Охридскиот договор е “мртов“, силните уверувања на ДПА беа такви што таа ги инструираше своите парламентарци да го избегнат гласањето за испраќање на македонски трупи во постконфликтен Ирак. Ова изнуди коментар од амбасадорот на САД, бидејќи Албанците ретко ја испуштаат можноста да покажат поддршка за нивните воочливи американски добродетели.

[177] Не е јасно дали Георгиевски, Џафери и Тачи ќе заминат вистински од политичката сцена. Со широко распространетото сомневање дека ДПА е поврзана со АНА и со опасни организирани криминалци, благата меѓународна реакција уште повеќе изненадува.

[178] Специјалниот претставник на НАТО изнесе поцврсти забелешки. За разлика од повеќето дипломати, СДСМ и ЛДП го осудија заедничкото предизвикување на Охридскиот договор. Премиерот Црвенсковски изјави дека концептот за менување граници и размена на население бил “директен повик на етничка војна и поделба на земјата”. Видете “Менување на границите е директен повик на етничка војна”, МИА, 21 април 2003. Георгиевски и Џафери и покрај очигледните обиди на амбасадорот да дојде до нив, одбија да се сретнат со него. Еден месец пред нивната иницијатива, тој го нарече Георгиевски “мој добар пријателе“. Главниот на мисијата на ОБСЕ, исто така изнесе умилкувачки забелешки како последица на нападот на Охридскиот договор. Видете, “Интервју со Амбасадорот на САД Лоренс Батлер”, *Актуел*, 7 март 2003.

[179] Интервју со амбасадорот на САД Лоренс Батлер, *Актуел*, 7 март, 2003. Батлер го нарече Џафери “многу интелигентен” и имплицираше дека доколку тој е инволвиран со АНА, на организацијата ќе и оди подобро.

[180] На интервју за печатот, Броунс беше прашан “дали (Џафери) ви објасни на што мислел кога кажа дека “Рамковниот договор е мртов”? Броунс одговори: “Тој рече дека тоа било лошо толкување од страна на медиумите и објасни дека тој никогаш не кажал дека Рамковниот договор е мртов”. Видете “Интервју: Алексис Броунс, Специјален претставник на ЕУ”, *Дневник*, 26-28 април 2003.

[181] Батлер беше исто така цитиран како вели дека “ (зашто) тие не партиципираат (во парламентот поради мораториумот), многу е тешко да влијаат на процесот”. *Скопје Дием*, 30 мај 2003. Со почит кон застапувањето на поделби и директна навреда на Охридскиот договор и на целиот процес за мир во регионот - Батлер рече “Нема да има прецртување на граници и многу сум разочаран дека некој во 2003 година се зафаќа со такви нешта. Им го разјаснивме ова на Џафери и на Георгиевски и мислам дека сите останати во оваа земја гледаат во друга перспектива. “Батлер ги предупредува Џафери и Георгиевски за картографските амбиции“, *Скопје Дием*, 7 јуни 2003. Како и да е, Џафери беше повторно цитиран како го поддржува делењето и тоа од неодамна во контекст со Косово: “Ако косовските Срби го добијат правото на асмоопределување, или на отцепување на дел од провинцијата и припојување кон Србија, тогаш Албанците во Македонија и од југот на Србија треба да ги имаат истите права“. Видете, сторија на МИА, “Џафери: Ако Србите отцепуваат дел од Косово, Албанците треба да го имаат истото право (во Македонија)“.

Наидувајќи само на слаба дипломатска реакција, Џафери и Тачи продолжија одважно да ја промовираат својата раздорна порака. Во едно интервју за Тиранскиот весник *Кориери,* Џафери бескомпромисно изјави дека, "единственото решение за да се пополни геостратешката празнина на Балканот по распаѓањето на Отоманската империја и Австро-Унгарија, е (моно) етнички држави"[182]. Тачи додаде и една закана: "ги потсетуваме сите оние кои ветија дека (Охрид ќе биде имплементиран) до февруари 2004, дека ако ова не се исполни, ДПА ќе започне со активности за "конечно речавање" на албанското прашање" (т.е. поделба и "Голема Албанија")[183].

Расположливите казни за ваквите екстремисти се малку на број, но можат да бидат ефективни. САД треба официјално да ги предупреди Претседателот на ДПА Џафери, Замникот претседател на ДПА Тачи и лидерот на ПДП Беџети и останатите, дека продолжувањето со јавна поддршка на етничките поделби, кои се спротивни на охридскиот договор, приватното здружување со криминалци и екстремисти, ќе резултира во нивно брзо вклучување на листата за набљудување[184]. Европските политички групи треба да ги исклучат политичарите и партиите кои се здружени со екстремистичките реторичари од своите сојузи во Парламентарното собрание на Советот на Европа а и од сите други места, каде што моментално делегатите на ДПА и ВМРО седат заедно со централно-десничарските Европски демократски групи.

## Ж. Никола Груевски и "Новото" ВМРО-ДПМНЕ

За разлика од ДПА, која отиде уште подалеку во радикалниот крај на спектарот, наследникот на Георгиевски, Никола Груевски, мудро презеде брзи чекори за да ја врати својата партија назад во центарот. Истиот ден (25 мај 2003) кога беше избран за претседател на партијата, тој се фокусираше на проблемот кој лежи во повеќето умови на гласачите – економијата – и го повлече конфронтирачкиот пристап на Георгиевски кон меѓународната заедница. Повикувајќи на забрзано интегрирање со ЕУ и НАТО, тој исто така се огради себеси од предлогот на Георгиевски за поделба и размена на територии. Како и да е, внатрешен човек од ВМРО-ДПМНЕ предупредува дека за прашањата поврзани со независноста на Косово и импементацијата на охридскиот договор, низ гласот на Груевски ќе го слушаме Георгиевски, иако тоа ќе се случува само во советите кои ќе ги одржува партијата. Иако Груевски и неговите соработници, вклучувајќи го и новиот Генерален секретар Ден Дончев, инсистираат на тоа дека се независни од Георгиевски, член на партијата изјавува дека влијанието на поранешниот премиер е сигурно бидејќи тој ги контролира финансиите на партијата.

[182] "Џафери: еве зошто Македонија треба да биде поделена" *Факти*, цитиран во *Скопје Дием*, 26 мај 2003. Џафери го пренесуваше истото гледиште пред МКГ во повеќе прилики, како и предупредувачкото проценување на "Словените". Неговиот приод кон историјата се чини како да застанал речиси пред еден век кај пропаѓањето на Отоманската Империја и се чини како да го игнорира напредокот.

[183] "ДПА сака право на самоопределување за Албанците во Македонија", *Факти* цитирано во *Скопје Дием*, 8 јули 2003.

[184] Листата за набљудување е резултат на Извршната наредба 13219 од 27 јуни 2001 со која Претседателот Буш му нареди на Одделот за финансии да ги блокира имотите на луѓето "кои им се спротивставуваат на напорите за стабилизација на Западен Балкан". На 29 мај 2003, Извршната наредба беше ревидирана а одреден број на поранешни лидери на ОНА беа изземени од списокот, вклучувајќи и главни функционери на ДУИ како што е Ахмети "кој оттогаш го има напуштено тероризмот и и се приклучи на владината коалиција", извештај за печатот, Конзулат на САД во Подгорица, 30 мај 2003, "Клучни точки: Новата Извршна наредба што се однесува на Балканот. "

## VII. ЗАКЛУЧОК

Ангажманот од страна на Европските сили на Балканот во текот на дваесетиот век, започнаа со напорите да се стабилизира ситуацијата во Отоманската провинција Македонија и тоа преку реформи во полицијата, кои кулминираа во спогодбата Мурштег постигната меѓу Австрија и Русија во 1903 година. Најважниот елемент од првата Балканска криза од 21 век, конфликтот во Македонија од 2001, повторно претставува политички и безбедносен проблем. Но контекстот е потполно различен; за разлика од Европските големи сили кои бараа начини како да го контролираат регионот и да ги експлоатираат неговите природни ресурси, меѓународната заедница сега сака да ги развие вродените капацитети на Македонската држава со што таа може да стане еднаков партнер во Европската интеграција. Спогодбата Мурштег беше потпишана меѓу двајца странски министри кои никогаш не го имале посетено регионот, на паузите помеѓу ловот во Хабсбуршката ловечка куќа, а импелементацијата им беше препуштена на импотентните Отомански функционери; Охридскиот договор беше потпишан од локални актери, со интензивен ангажман на теренот од страна на високи функционери на ЕУ и САД и иако можеби можело да биде направено и повеќе, меѓународната заедница беше барем конзистентно присутна и ангажирана во процесот на имплементација.

Додека долгорочните перспективи се доста поинакви од оние во 1903, краткорочниот проблем за потенцијалната криза останува присутен. Во отсуство на поголем заеднички напор за да се имплементира и вистински да се прифати охридскиот договор, да се воспостави закон и ред, да се бори против корупцијата и да се стимулира економијата, сегашниот мир би можел наскоро да се разреши. Македонските лидери и меѓуанродната заедница треба да се соочат со фактот дека на земјата сеуште и е потребна безбедносна помош. Воената успешна мисија “Конкордија“ би требалода остане се додека Македонската полиција не се оспособи да изведува ефикасни операции а владата да може да се носи со било кој политички пораз од ваквите операции. ЕУ треба исто така да распореди и полициска помош која ќе биде дизајнирана за да ги адресира клучните дефицити како што се слабото учество, комуникација и координација на службата за разузнавање.

Не постои реалистична алтернатива за Охрид. Делењето е, секако, непосакувано. Не постои никаков консензус за тоа каде би се исцртувале новите граници, а еден таков процес речиси сигурно би предизвикал нов конфликт. Било каква поделба на Македонија со Албанците би отворила конфликт меѓу Македонците и нивните соседи во однос на тоа во кој правец ќе припадне Скопје – на исток кон Бугарија или северно и јужно кон Србија и Грција. Најдобрата можна инвестиција во стабилноста на земјата и регионот што може да ја направи меѓународната заедница останува во подршката на Македонската држава во рамките на сегашните граници со што таа може да биде рамноправен партнер со своите соседи.

**Скопје/Брисел, 23 октомври 2003**

# ДОДАТОК А

## ХРОНОЛОГИЈА НА НЕОДАМНЕШНИТЕ ГОЛЕМИ БЕЗБЕДНОСНИ ИНЦИДЕНТИ

*25 декември 2002.* Моќна бомба експлодираше пред едно средно училиште во Куманово во кое воглавно учат Македонци, убивајќи еден случаен поминувач. Среќна околност е тоа што учениците биле поштени покасно и спречени се повеќе жртви.

*22-23 јануари 2003.* Вооружани членови на паравоените Лавови го блокираа главниот премин кон Косово. Министерот за внатрешни работи, Костов испрати ривалска специјална полициска единица, Тигри е спорот беше избегнат по состанок на високо ниво помеѓу претставници на Лавовите, претседателот, премиерот и министерот за внатрешни. Иако Костов се противел, беше договорено да се задржат 600 Лавови во Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, и покрај нивната лоша бурна репутација, а со тоа се намалува способноста на Владата да ги оствари целите од охридскиот договор за вработување на Албанци во власта.

*24 јануари* 2003. Беа убиени три странски проститутки, една беше сериозно повредена и еден Албанец беше убиен за време на една престрелка во бордел во селото Добри Дол, што го нагласува насилството поврзано трговијата на жени. Претставниците на судството со срамење гледаат на брзото ослободување на главните осомничени.[185]

*8 февруари 2003.* Озлогласениот криминалец Дилавер Бојку, е заробен во мултиетничка акција на полицијата, во која главна улога има Фатмир Дехари, заменик министер за внатрешни и поранешен командант на ОНА.

*14 февруари 2003.* Експлодираше моќна бомба пред судот во Струга,во близина каде што беше сместен Дилавер Бојку.[186] Интересно е да се нагласи дека не е издаден налог за апсење на Бојку. Бојку е осуден само на шест месеци во еден смешен судски процес во кои главните сведоци беа застрашувани а мониторите на ОБСЕ беа исклучени.

*4 март 2003.* Двајца полски припадници на силите Сојузничка хармонија од НАТО и двајца цивили загинаа на почетокот на март од мина која очигледно била наменета за македонската армиска патрола која често патролира на тој пат.

*17 март 2003.* Експлодираше бомба на железничка пруга помеѓу албанските села Табановце и Ваксинце, во близина на српската граница, само неколку минути откако поминал возот. Еден осомничен призна дека купил експлозив од Албанија.

*26 март 2003.* Албански и македонски единици изведуваат заеднички вежби како дел *од Напори на соседидете 2003*, во Криволак, под покровителство на НАТО Партнерство за мир, но во печатот не имсе посветува многу внимание.

*31 март 2003.* Операцијата Конкордија на ЕУФОР ја превзема од НАТО шестмесечната мисија, која е прв воен обид на ЕУ. Под водство на Франција, сталожено го надминаа стравот кај Албанците од заминувањето на НАТО.

*18-19 април 2003.* Георгиевски и Џафери, лидери на најголемите опозициони партии, ја повлекоа нивната поддршка на Охридскиот договор и отворено повикаа на поделба на Македонија. Лидерот на ДПА, Џафери објави мораториум на политичката активност и еден висок претставник за меѓународна безбедност истакна дека овој затскриен повик за насилство ќе биде проследен со вознемиреност на екстремистичите активности .[187]

*5 мај* 2003. Министрите за надворешни работи на Албанија, Хрватска и Македонија, како и Државниот секретар на САД Пауел, ја потпишаа Јадранската повелба. Министрот за надворешни Илинка Митрева потписот на САД го нарече "гаранција" за безбедноста на Балканот.

*10 мај 2003.* Албански селани во близина на Вејце и Селце (околината на Тетово), некои од нив под водство на еден командант, одметник од ОНА, ја блокираа македонската делегација, предводена од Костов кој го придружувал амбасадорот Батлер да присуствува на комеморација по повод на заседата на македонските безбедносни сили во 2002. [188] Селаните резочарани од прогресот на Охридскиот договор ги отфрлија повиците на високи претставници на ДУИ, што ги разлути Македонците. Како резултат тенкови испукаа

[186] Албанската национална армија ја превзема одговорноста за експлозијата, но во нивното Комунике 21 имаше некои недоследности, на пример употребата на изразот "раните утрински часови" наместо само да се посочи времето на експлозијата и погрешното наведување на судот во Струга како место во кое "најголем број на Албанци се осудени". Види Дивизијата Скендербег ја превзема одговорноста за експлозијта на бомба во Струга, МИА, 17 февруари 2003.

во блиските бараки и еден хеликоптер надлета, предизвикувајќи напнатост.

*16 Мај 2003.* По посредувањето, делегацијата го посети Вејце. Во Тетотво настанаа немири, на армиската касарна беа фрлени гранати а еден полициска патрола беше нападната. Во центарот на Тетово се судрија млади Македонци и Албанци а двајца Албанци се здобија со прострелни рани.

Средина на мај *2003.* Министерот за внатрешни потврди десет киднапирања во периодот март-април, потсетник на нерешените проблеми со организираниот криминал;[189] еден новинар наведува поврзаност со озоглсениот Земунски клан во Белград.

*15 мај 2003.* 180 Албански ученици, заедно со полицијата и меѓународните претсавници, се одбиени од кумановската гимназија.

*19 мај 2003.* Вознемирени од ицидентот со гимназијата повеше од 1000 Албанци го блокираа автопатот за Куманово, кој го рефлектира горчливиот меѓуетнички спор кој датира од 2001 а кој беше надминат со посредство на ОБСЕ. Постигнат е договор но заменикот министер за внатрешни работи, Фатмир Дехари признава дека ова е само привремена .[190]

*19 мај 2003.* Реконструирана куќа на Македонци во селото Опае, во кое воглавно живеат Албанци, е сериозно уништена, 46 по ред која е цел на такви напади. УНХЦР ги потврди наводите во македонскиот печат дека и други куќи биле значително оштетени. Овој настан го потврдува ставовите за невраќање на раселените Срби и Македонци во селото.[191]

*22 Мај 2003.* Македонскиот суд го ослободува со кауција генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ, Војо Михајловски . Тој е главниот осомничен во серијата на апсења во врска со корупцијата на претхдната влада, И беше држен во притвор четири месеци.[192] Беа наведени дваесет и три обвиненија но единствената пресуда беше отфрлена. Случајот на Михајловски ги отвара прашањата за волјата на судовите и Владата да и се спротивстават на корупцијата. Опозицијата ја обвинува Владата за селективно спроведување на законот бидејќи таа не ги гони блиските на неа.[193]

*22 мај 2003.* По состанокот со Фатос Нано, албанскиот премиер, Ахмети на македонските безбедносни сили им дава зелено светло за справување со албанските екстремисти.

*25 мај 2003.* Специјалните полициски единици уапсија двајца осомничени во Сопот за смртоносната експлозија на мина на 4 март, разгорувајќи обвинувања за полициска злоупотреба кај албанските селани .[194] Поранешен командант на ОНА, Авдил Јакупи, и се заканува на полицијата дека ќе киднапира мешани полициски патроли. Албанската национална армија се заканува со војна. Ахмети повикува на смирување. Тој и Црвенковски одржуваат состанок два дена подоцна за да се расчистат тензиите.

*29 мај 2003.* Ахмети и другите се симната од црната листа на САД на лица кои се обидуваат да го дестабилизираат Балканот, по осум месеци. На листата се вклучени и следните: Даут Реџепи (Командант Лека), поврзан со случајот на исчезнати лица; Албанската национална армија и четири други радикални албански организации; и единствениот етнички Македонец, поранешниот Министер за внатрешни работи, Љубе Бошковски.

*3 јуни 2003.* Една Албанка е убиена при неуспешна полициска акција во Ранковец.

*5 јуни 2003.* Моќна бомба експлодира во центарот на Куманово, нема повредени.

*6 јуни 2003.* Во Тетово е убиен еден албански селанец кога бегал од вооружени ограбувачи кои за него мислеле дека е полицаец..

*12 јуни 2003.* Во Арачиново македонската полиција уби познат етнички албански криминалец. Се дигнаа тензии откако неговите роднини и соучесници еден отпадник командатн на ОНА и се заканија на полицијата и беа претепани неколку телевизиски новинари. Иако некои меѓународни претставници тврдат дека Арачиново е безбедно за во него да се вратат раселените лица, еден почитуван Албанец смета дека сеуште не е безбедно ниту за Албанците ниту за Македонците

*17 јуни 2003.* Во близина на Ваксинце е убиен еден македонски војник а друг е сериозно повреден од анти тенковска мина со далечинско детонирање. [195]

*20 јуни 2003* Озоглсениот Дилавер Бојку избега од затворот во Струга. Подоцна црногорската полиција го уапси и го врати во Македонија. Директорот на

---

[189]Види Киднапирањата ги обесхрабруваат албанските лидери, ИВПР, БЦР број 429, 12 мај 2003.

[190] Интервју со заменикот министер за внатрешни работи, Фатмир Дехари, 21 мај 2003.

[191]"Опае; 46 куќи на етнички Македонци ограбени и уништени", *Вест*, 26 мај 2003.

[192] Михајловски мораше да заложи имот со вредност од 800,000 евра за да излезе со кауција.

[195] Еден војник е убиен од подметната мина кај Ваксинце, *Утрински Весник*, 18 јуни 2003.

затворот е отпуштен од работа како резултат на инцидентот, а инцидентот ги разгорува сомневањата дека Бојку има некои компромитирачки материјали за високи државни претставници..[196]

*22 јуни 2003.* Во недела во Скопје експлодираат две бомби во близина на зградата на Македонски Телеком и трговскот центар Мавровка. Нема повредени, но Министерот за внатрешни Костов смета дека "тие се дело на терорostичка група, најверојатно поврзана со настаните (со Албанци) во Куманово" .[197] Високи македонски и меѓународни извори предлагаат-без некои убедливи докази-дека ова може да биде дело на Македонци .[198]

*26 јуни 2003.* Владата ја продолжува Конкордија до 15 декември, но после таа дата не сака други меѓународни сили.

*1 јули 2003.* Гафур Адили ( Командант Валдет Вардари), претседавач на Фронтот за национално обединување на Албанците и водечки промотор на идеата за Голема Албанија и неговиот соучесник, Таип Мустафа, се уапсени во Албанија во близина на македонската граница и се товарат за поттикнување на етничка омраза, формирање на терористички организации и фалсификување на документи. Адили се сомничи за експлозии во изминатите две години во Македонија. Албаија го затвора Адили, покжувајќи зголемена соработка со Скопје и САД.

*9 јули 2003.* За време на еден напад преку ден во близина на центарот на Владата во Скопје, маскирани напаѓачи влегоа во албанска чајџилница и убија пет луѓе, вклучувајќи и едно шестгодишно девојче, а четворица беа повредени. Целта била поранешен командант на ОНА, Ридван Незари, познат по изнудување со рекет.[199] Полицијата се сомнева во соучесници на парламентарецот од опозицијата, Џезахир Шакири, кој пак тврди дека позади нападот стои Ахмети со цел да го замолчи Незири и да ја сокрие улогата во претходна завера за убиство.[200] Вкупниот број на умрени (42) е веќе за 30% поголем од 2002.[201]

*9 јули 2003.* Селаните од двете страни на косовската граница ги блокираа патиштата и го спречија отворањето на преминот Танушевци-Дебелде, а како главна причина ја наведуваат поделбата на фамилиите со границата која ја поставила македонската армија. Спорот навидум се чини дека е поради точната локација на преминот, набљудувачите се сомневаат дека главната причина е да се спречи признавањето на контроверзниот договор за границата помеѓу Македонија и Србија во февруари 2001. Дванаесет дена владата објави дека преминот ќе биде затворен се до завршување на протестите.

*12 јули 2003.* ДПА, на нивниот годишен конгрес, бара понатамошни уставни промени, многу повеќе од оние со Охридскиот договор, вклучувајќи и дводомен парламент, Албанец за заменик претседател и консензуална демократија која ќе овозможи целосно вето на етничките Албанци и право на самоопределување- сето ова очигледно со цел да се прогласи Охрид за неуспех. [202]

*14 јули 2003.* Еден Албанец е сериозно повреден во престрелка со армијата кај главниот премин кон Косово, Блаце, откако комбе не застанало на мултиетничка армиска патрола и откако било пукано кон војниците.

16 јули 2003. Неколку илјади вработени во Електростопанство проетестираат поради отпуштањето од работа и се судрија со полицијата пред Парламентот. Дел од зголемениот број на воглавно Македонци, кои ја губат државната работа и наводно налутени поради изјавата на перламентарецот на ДУИ Рафис Алити кој смета дека намалувањето ќе биде добро за Албанците, чии број би се зголемил. Одделно, неколку млади Македонци и Албанци се судрија во Струга.

30 јули 2003. Напаѓачи пукааат на четири полициски патроли на патот Скопје-Арачиново, и бегаат во правец на Арачиново.

---

[196] Види, Сексот и видеолентите го ослободија Бојку, *Вест*, 25 јуни 2003. Вест тврди дека Бојку се ослободил со помош на компромитирачки видео ленти на државни претставници апа дури и на странски. Весникот тврди дека директорот на затворот всушност е отстранет.

[197] Експлозии во Скопје-класичен тероризам, цитат од Скопје , 24 јуни 2003.

[199] Незири беше замешан во убиство на еден полицаец пред две години во Чаир како и во обидот врз добро познатиот поранешен припадник на ОНА командант Хоџа (Џезахир Шакири) во косовскиот град Урошевац..

[200] Полицијата се сомнева во шест пријатели на Џезахир Шакири дека се одговорни за инцидентот во Чаирчанка, *Факти*, 17 јули 2003. МКГ контактираше со Шакири неколку часа по пукањето и тој (без да биде прашан) даде алиби дека во моментот на настанот бил во Парламентот. Телефонско интервју на МКГ, 9 јули 2003

[201] Според официјални податоци на Министерството за внатрешни, дадени на МКГ на 17 јули, во 2000 имало 53 убиства, 59 во 2001 и 65 во 2002, а до 1 јули 2003 имало веќе 37. Со настанот од 9 јули бројката се зголеми на вкупно 42.

[202] Портпарол на партијата смета дека предлозите се условени од неуспехот на Охрид, но се сомнева во важноста на заменик претседател Албанец или дводомно судство ако Албанците добијат право на самоопределување и се отцепат, како што Џафери и Тачи велат дека ќе направат ако или кога ќе пропадне Охрид.

25 август 2003. Врз караулата во Гошинце се испукани две гранати од минифрлач. Одговорноста ја превзема АНА.

27 август 2003. Авди Јакупи киднапира двајца, еден од нив полицаец, предизвикувајќи иницијатива на Албанските политичари и судир со полицијата на 7 септември, при што двајца соучесници на Јакупи се убиени, но тој не е заробен. Претставници на ДУИ ја обвинија Владата дека ја започнала операцијата без да ги извести.

27 август 2003. На пругата Скопје-Белград експлодираше мина, по поминување на возот.

29 авсугст 2003. Врз владини цели, вклучувајќи и армиска касарна се испукани три гранати.

# ДОДАТОК Б

## МАПА НА МАКЕДОНИЈА




Map No. 3789 Rev. 2 UNITED NATIONS
November 1999

Department of Public Information
Cartographic Section